ПРЕДЛОГ
УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА

КНИГА 2

ТП за поврзување на Западен Балкан (КОНЕКТА)

Јули, 2022

Slavica Chavdarovska Naumova

Digitally signed by Slavica Chavdarovska Naumova
Date: 2022.07.06 10:03:03 +02'00'

Konstantin Chakarovski

Digitally signed by Konstantin Chakarovski
Date: 2022.07.06 10:04:07 +02'00'

СЕС CHAKAR & PARTNERS
ДИК ЧАКАР – ПАРТНЕРС
Тел.Tel/ ++ 389 02 3112 361
Факс/Fax: ++ 389 02 3221 004
e-mail cakarp@t-home.mk
www.chakarpartners.com.mk

Naroden front No 5 IV/9 - Skopje
Народен фронт бр.5-IV/9-Скопје

НАЗИВ НА ПЛАН: **Предлог Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција**

МЕСТО: ОПШТИНА НЕГОТИНО
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ИНЖЕНЕРСКА ОБЛАСТ КАТЕГОРИЈА: **“У“- УРБАНИЗАМ (I КАТЕГОРИЈА)**

ВИД НА ПЛАН: **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење**

ИНВЕСТИТОР: НЕР АД Скопје

НАРАЧАТЕЛ: НЕР АД Скопје

ИЗРАБОТУВАЧ: **ДИК ЧАКАР-ПАРТНЕРС**
Ул. Народен фронт 5-IV/9, Скопје
бр. на лиценца за изработување урб. планови - 0086

ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР: **Славица Чавдаровска**, дипл.инж.арх.
Овластен планер - број на овластување 0.0469

СОРАБОТНИЦИ: **Татјана Ветеровска**, дипл.инж.арх.
планер - број на овластување 0.0657

Горан Чаловски, дипл.инж.арх.
планер - број на овластување 0.0655

Зоран Николов, дипл.град.инж.
инфраструктура - број на овластување 2.0282

ТЕХНИЧКИ БР. НА ПРОЕКТ: **103/2020**

МЕСТО И ДАТА: Скопје, ЈУЛИ 2022

ДРУШТВО ЗА ИНЖЕНЕРИНГ И КОНСАЛТИНГ ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО 1 Скопје

Управител

Константин Чакаровски, *дипл.екон.*

Ознака „У“

СОДРЖИНА

Предлог
Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод
Република Северна Македонија – Грција

ОПШТИНА НЕГОТИНО, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ

КНИГА 1

ОПШТ ДЕЛ

- Извод од регистрација на фирмата
  Лиценца за изработување на урбанистички планови (број 0086)
- Лиценца "А" за проектирање на градби од прва и втора категорија на фирмата
- Решение за планери
- Овластување на планери
- Планска програма

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА НА УППГДЗ

- **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

	ВОВЕД	1
	МЕТОДОЛОГИЈА	1
1.	Географски и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни соседни простори	2
2.	Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци што произлегуваат од други развојни документи , планови и стратегии на развој	10
3.	Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина	13
4.	Студиии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистичкото планирање и за конкретниот плански опфат	15
5.	Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат	15
6.	Податоци за создадени чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој	24
7.	Инвентаризација на земјиштето во проектниот опфат, изграденият градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и зеленило	26
8.	Инвентаризација на градби и водови од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура	26
9.	Инвентаризација на постојни споменички целини, градби прогласени за културно наследство културни предели и заштитени природни предели	27

10.	Оценка за можностите и ограничувањата на просторниот развој со програмски проекции што произлегуваат од анализата на состојбата на просторот	37
11.	Податоци и информации од надлежни институции и јавни претпријатија	38
• **НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**		47
• **ПРИЛОГ: ДОПИСИ ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ (податоци и информации)**		

КНИГА 2

• **УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ - Y16321**			
• **ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ**			
1.	Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од донесени плански и проектни документации релевантни за планскиот опфат на УППГДЗ		1 лист
2.	Преклоп на опфат од УППГДЗ со одобрени плански документации		18
3.	Ажурирана геодетска подлога	(M=1:1000)	51 листа
4.	Инвентаризација	(M=1:1000)	51 листа

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА УППГДЗ

• **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**		
1.	Планска програма	1
2.	Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период	1
3.	Прецизен опис на границите на планскиот опфат	2
4.	Стратешки определби што проеизлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво	9
5.	Цели на урбанистичкиот план	10
6.	Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот	10
7.	Опис и образложение на планските решенија	15
8.	Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат	18
9.	Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиштето и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање	28
10.	Мерки за заштита	31
11.	Одредби за спроведување на планското решение согласно мислења и податоци од надлежни субјекти и институции	17
• **НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ**		38

• **ПРИЛОГ: ДОПИСИ ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ (мислења и согласности)**			
• **ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ**			
1.	План на намена на земјиштето и градбите	(М=1:1000)	51 листа
2.	Синтезен план	(М=1:1000)	51 листа
3.	Пресеци на планиран гасовод со постојна и планирана инфраструктура	М=1:100 и др	11 листа

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење

за Интерконективен гасовод

Република Северна Македонија – Грција

КНИГА 2

Услови за планирање на просторот

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y16321

Скопје, декември 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Министерство за транспорт и врски

Тех.бр. Y16321

Раководител на задачата:
Валентина Христова Стефановска,д.н.

Координатор:
Срѓан Дурлевиќ, д.ш.и.

Помошник раководител на сектор за ИТ и инфраструктура:
м-р Соња Георгиева Депинова, д.г.и.

Агенција за планирање на просторот

Директор

_____

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, декември 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција.

Вкупната должина на гасоводот изнесува 66,518 км.

Трасата на гасоводот навлегува во плански опфати за кои се издадени:

- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план вон населено место за комплекс со намена лесна индустрија на КП: 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16, 79/18, м.в. Црвен Брег, КО Тимјаник и на КП: 278/3, 278/5 и 278/6, на м.в. Бунарјето, КО Дуброво, Општина Неготино со тех. бр. Y00514;
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план вон населено место за комплекс со намена Г2- лесна индустрија м.в. Горни Чаири, КО Богданци, Општина Богданци со тех.бр. Y10515;
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план вон населено место за индустриска зона Билото, КО Прдејци, Општина Гевгелија со тех.бр. Y14312i;
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за изградба на експлотациони бунари за зголемување на капацитетот на изворишето на вода и обезбедување на дополнителни количини на вода за Дојранско Езеро и новиот систем за наводнување Паљурци, Општина Богданци со тех.бр. Y09309;
- Услови за планирање на просторот за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води, на делови од КП 1753, 1728/1, 1007, 996, 997, 1001 и 1002, во село Прждево, Општина Демир Капија со тех .бр. Y07921.
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за село Чифлик, Општина Демир Капија со тех.бр. Y20414;
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за изградба на ветерна електрана на Бр 13, КП 1853/1 КО Негорци, Општина Гевгелија со тех.бр. Y02808;

Планскиот опфат на повеќе места се сече со:

- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за изградба на 12 вентилски станици, терминална станица и придружен оптички кабел на трасата на цевководот Скопје-граница со Република Грција со тех.бр. Y07609;
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за поставување на 20kV кабел вкопан во ров за поврзување на Ветерните електрани на територијата на Општина Гевгелија со тех.бр. Y11408;
- Услови за планирање на просторот за изградба на надворешна инфраструктура за потребите на ТИРЗ Гевгелија, КО Прдејци и КО Негорци Општина Гевгелија со тех.бр. Y04115;

- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура изградба на регионален пат Р-109, делница Демир Капија-Крњево со тех.бр. Y35010;
- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 1: Клечковце-Штип-Кавадарци со тех.бр. Y20911.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациониte, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство **и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.**

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјодел-ското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.



- Државна граница
- Општинска граница
- Катастарска граница
- Ветерна електрана-Y02808
- Цевковод-Y07609
- Поврзување на ВЕ-Y11408
- Магистрален гасовод-Y20911
- Регионален пат-Y35010
- Лесна индустрија-Y00514
- Инфраструктура за ТИР3 Гевгелија-Y04115
- Канализација со ПС-Y07921
- Експлоатациони бунари-Y09309
- Г2-лесна индустрија-Y10515
- Индустриска зона-Y14312i
- УП за село Чифлик-Y20414

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција. Гасоводот почнува од Неготино до граница со Грција. Ќе бидат ставени услови за планирање за Неготино и Гевгелија.

Неготино

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир Каписката клисура и на континентална клима која продира од север преку Велешката котлина.

Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура на воздухот 13,5°C; највисока просечна месечна температура - јули, август; најниска просечна месечна температура - јануари 1,4°C; годишна средномесечна температура над 0°C; број на мразни денови (под 0°C) 58,4 дена; средно траење на мразен период - 112 дена; температурна амплитуда 58,6°C, односно апсолутна максимална температура 41,8°C и апсолутна минимална температура -17,8°C.

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи – 437mm, максимална сума на врнежи по месеци - 61,2mm - октомври, минимална сума на врнежи по месеци - 47,5mm - мај, поројни врнежи од локален карактер - мај до септември, дневен максимум – 97mm. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден просечно годишно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрирана висина на снежниот покривач достигнува 93cm.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките северозапад исток и југоисток.

Струењата од северозападна насока имаат следни особености: просечна годишна честина 168‰, просечна брзина 2,0m/sek максимална јачина 7 бофори.

Струењата од исток имаат следни карактеристики: просечна годишна честина 142‰, максимална јачина 9 бофори, просечна брзина 3,6m/sek. Во пределот најголеми се тишините кои изнесуваат 425‰.

Гевгелија

Субмедитеранското подрачје во Република Македонија ги опфаќа најниските делови од долниот тек на реката Вардар до Грчката граница (Гевгелиската, Валандовската и Дојранската котлина). Надморската височина на ова подрачје е од 59 до 500m.

Ова подрачје од север и од северозапад е ограничено со планините: Градишка Планина, Плауш, Беласица и Кожуф, кои влијаат како заштитна препрека врз времето и климата на ова подрачје, модифицирајќи ги студените (континенталните) воздушни маси кои се транспортираат кон јужните делови од Балканскиот Полуостров. Од друга страна пак ова подрачје е значително подотворено кон Егејското Море од каде допираат влијанијата на Медитеранот и се чувствуваат карактеристиките на медитеранските особености на времето и климата било преку формирање на топли и влажни воздушни маси кои имаат карактеристики на Медитеранот или преку други атмосферски нарушувања (топли или студени атмосферски фронтови) и други влијанија.

Метеоролошката станица Гевгелија е лоцирана на:

Гевгелија X_c = 59м X = 41^0 09’ Y = 22^0 30’

Ова е најтоплото подрачје во Република Македонија. Просечната годишна температура на воздухот се движи од 14.0^{0}C - 14.5^{0}C. Најтопол месец е јули со средна температура на воздухот од 24.6^{0}C до 25.3^{0}C. Најстуден месец е јануари со просечна повеќегодишна температура на воздухот која се движи во границите помеѓу 3.3^{0}C и 3.5^{0}C.

Просечните годишни температурни амплитуди на воздухот се движат помеѓу 21.2^{0}C и 21.8^{0}C и се поголеми во споредба со годишните амплитуди забележано северно од Демир Капија.

Апсолутно највискока максимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува 44.3^{0}C (на 6. VII.1988 год.).

Апсолутно најниски температури на воздухот изнесуваат: -19.5^{0}C во Гевгелија. Највисоко достигната апсолутна годишна амплитуда на воздухот изнесува 63.8^{0}C. Таа е значително повисоки отколку во типичните медитерански области, поради континенталните влијанија.

Средна месечна максимална температура на воздухот е 7.8^{0}C во Гевгелија во месец јануари, до 32.0^{0}C во месец август.

Средната јануарска минимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува 0.7^{0}C, додека средната јулска минимална температура на воздухот е 17.3^{0}C.

Во ова подрачје има најголем број на топли и тропски денови.

Вкупниот број на тропски денови во Гевгелија изнесува 72 при што најголем број се забележани во месец јули 23 дена.

Годишниот број на летни денови изнесува од 131 до 136 од тоа во текот на месеците јули и август. Во септември има повеќе топли (летни) денови отколку во мај (дури и во јуни), што укажува дека есента е потопла од пролетта како и дека летните денови продолжуваат во месец септември.

Ова подрачје се одликува и со најмал број на мразни денови годишно 49 во Гевгелија. Најмногу мразни денови има во јануари (од 12 до 17).

Една од основните карактеристики на ова подрачје е тоа што на оваа територија порано завршуваат пролетните и покасно почнуваат есенските мразеви така што екстремниот мразен период трае од 92 до 127 денови, што е помал отколку во другите подрачја.

Најголем просечен број на мразни денови се јавуваат во Гевгелија во месец јануари и изнесуваат 17 денови додека во текот на годината вкупниот број изнесува 49 дена.

Годишните суми на врнежи во ова подрачје се движат во границите помеѓу 601.6mm и 682.4mm.

Најврнежлив месец е ноември со просечна месечна количина на врнежите која се движи помеѓу 79.5mm и 93.1mm, додека најсув месец е јули или август со следните количини на врнежите од 30.6 до 33.8mm. Овој минимум е скоро три пати помал од најврнежливиот месец од годината и е една од значајните карактеристики на климата на ова подрачје.

Исто така во подрачјето на централните и најниските делови од Гевгелиско-Валандовскиот регион се јавуваат најмали количини на врнежите што претставува таканаречена "врнежлива сенка", во споредба со другите делови од регионот со просечна количина на врнежите кои се под 650mm годишно. Во другите делови од ова подрачје годишната количина на врнежите е помеѓу 700-800mm (при што се земени во предвид податоци од другите дождомерни станици од ова подрачје, до надморска височина од 500m.

Сите досегашни податоци за врнежите говорат дека во ова подрачје се јавува Медитерански (маритимен) плувиометриски (врнежлив) режим, со карактеристичен влажен зимски период и мошне сушен летен период.

Според резултатите од измерените дневни суми на врнежи најголема количина на врнежи изнесува 129.7mm. (на 2.II.1986 год.) во Гевгелија.Во ова подрачје врнежите имаат често пороен карактер, особено во летните месеци, со што се засилува сушниот карактер на летото. Сушата повремено се јавува и во пролетните и есенските месеци поврзувајќи се со летната суша.

Средната годишна релативна влажност на воздухот е 71% во Гевгелија. Со значително ниски вредности на релативната влажност на воздухот се месеците јули и август кога просечната влажност на воздухот изнесува помеѓу 57% и 59%. Во зимските месеци таа изнесува од 75% до 81%.

Вкупниот број на сончеви часови, според податоците од метеоролошката станица Гевгелија изнесува 2371.0 часа со максимум во месец јули (326.0 часа) додека најмал број на сончеви часови има во месец декември (104.4 часа).

Просечната годишна облачност во ова подрачје се движи во границите помеѓу 4.4 и 4.6 десетини. Најголема облачност се јавува во зимскиот дел од годината (во ноември, декември, јануари, февруари и март) со просечна облачност над 5.0 десетини, со максимум во ноември (од 5.2 до 5.6 десетини), како и во месец јануари (исто така од 5.4 до 5.8 десетини).

Просечниот годишен број на тмурни денови (денови со облачност поголема од 8 десетини) изнесува од 76.0 до 94.0 дена. Просечно најголем број на тмурни денови се јавува во месец ноември (9 до 12) додека најмал број на тмурни денови се јавуваат во месеците јули и август од 2 до 3 дена.

На територијата на ова подрачје просечниот број на ведри денови (денови со облачност поголема од 2 десетини) се движи помеѓу 108 до 130 дена. Во текот на годината, најмал број на ведри денови се јавуваат во месец август од 16 до 17 дена.

Најзачестени ветрови во ова климатско подрачје се ветровите од северна насока со 205‰ и просечната брзина на ветерот изнесува 3.4м/сек. Најголеми силини на ветровите од по 10 Бофори се забележани од најфрекфентните насоки од СЗ и од С.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Републиката во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Развојот на инфраструктурните системи претставува една од развојните детерминати на локалната и националната економија. Од енергетските системи со Просторниот план се предвидува и развој на гасоводниот систем.

Природниот гас е еден од енергенсите кој се користи за задоволување на енергетските потреби како на домаќинствата, така и на деловниот сектор, во кој покрај комерцијалните субјекти како голем потрошувач и корисник на овој ресурс се јавува индустрискиот сектор. Во тој контекст изградбата на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција ќе биде во функција на квалитетно задоволување на енергетските потреби на деловните корисници од тоа подрачје со еколошки одржлив енергенс.

Објективно, идниот економски развој е условен од обемот на инвестициите. Како битна основа на идното инвестирање покрај доминантната ориентираност кон производството наместо за извоз, инвестирање во технолошко осовременување на капацитетите, развивање инвестициони проекти претежно со трудоинтензивни карактеристики поради обемната понуда на релативно ефтина работна сила, треба да се истакне и значењето на определбата за продолжување на инвестирање во мрежа на локална и општествена инфраструктура согласно демографските движења и потребата за порамномерен развој во просторот.

Согласно определбите на Просторниот план на Р Македонија, идниот развој и разместеноста на производните и услужни дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за лоцирање на производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на факторите на развојот.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација, еден дел припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и втор дел во Централно-медитерански со 10 микрореони.**

При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренаменета на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Шуми и шумско земјиште

Планскиот концепт на развој на шумите и шумското земјиште утврден со Просторниот план на Р. Македонија е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- Пошумување на терените каде е извршено разграничување на земјиштето - бонитирање, на терените каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на терените каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- За трајно сочувување и унапредување на површините под шума како и зголемување на квалитетот на шумите, преведување на нискостеблените во високостеблени, реконструкција на деградираните шуми со што ќе се обезбеди зголемен прираст, подобрување на животната средина, за туристичко-рекреативни цели и др.
- Почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување за да се спречат бесправните сечи и други штетни активности во шумарството;

Проекцијата за пошумување со Просторниот план на Р. Македонија за периодот до 2020 год. се базира на постојните природни услови, во прв ред климатските, геолошките и педолошките, постојната состојба на шумите и шумското земјиште, загрозеноста на земјиштето од ерозија, загаденоста на воздухот и состојбата на животната и работната средина, како и врз база на економските состојби во државата.

Според планските предвидувања утврдени со Просторниот план на **Р. Македонија**, во Регионот на **Неготино** се планира пошумување во шума и вон шума на околу **6.200** ха. Врз основа на тоа се предвидува дека во Неготинскиот регион во **2020** год. вкупната површина под шуми ќе изнесува **29.800** ха, дрвната маса се проценува на износ од околу **1.810.000** м^3 и вкупен годишен прираст од **40.000** м^3 додека пак во Регионот на **Гевгелија** се планира пошумување во шума и вон шума на околу **2.700** ха. Врз основа на тоа се предвидува дека во Гевгелискиот регион во **2020** год. вкупната површина под шуми ќе изнесува **48.900** ха, дрвната маса се проценува на износ од околу **6.400.000** м^3 и вкупен годишен прираст од **160.000** м^3.

Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е строго придржување кон критериумите, принципите и проекциите за развој и

унапредување на шумарството до 2020 година, дефинирани со Просторниот план на Р. Македонија:

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;
- Во годишните планови и среднорочни програми за пошумување, апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и теренитe во непосредните сливови на вештачките акумулации;
- Пошумување на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање;
- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот во Република Северна Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како „ресурс" ја има многу помалку од „присутните води".

Со цел пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката, по сливовите на реките, дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар".

Трасата на интерконективниот гасовод Република Северна Македонија - Грција минува низ водостопанските подрачја „Среден Вардар" и „Долен Вардар".

ВП „Среден Вардар" го опфаќа сливот на реката Вардар од вливот на река Пчиња до водомерниот профил „Демир Капија". Сливовите на реките Брегалница и Црна Река не припаѓаат на ова водостопанско подрачје. На ова подрачје припаѓаат сливовите на десните притоки Тополка, Бабуна, Луда Мара и Бошава и на левите притоки Отавица и Иберијска Река.

За целосно искористување на постојниот хидролошки потренцијал на водотеците во ВП „Среден Вардар" изградени се акумулациите Младост на река Отавица и Лисиче на реката Тополка. Водите од акумулацијата Младост се наменети за наводнување на земјоделските површини во Велешко Поле, а

примарната намена на акумулацијата Лисиче е водоснабдување на населението во градот Велес и околните села.

Во наредниот период се предвидува изградба на акумулациите: Велес, Бабуна II, Згрополци, Градско, Кукуречани, Криволак, Дуброво и Демир Капија на реката Вардар, потоа акумулацијата Бабуна на река Бабуна и Венец на река Изворчица.

ВП „Долен Вардар" го опфаќа сливот на реката Вардар од водомерниот профил „Демир Капија" до границата со Република Грција. Во локалниот слив позначајни водотеци се десните притоки на реката Вардар: Стара Река, Кованска, Серменинска и Коњска Река и левите притоки Анска Река и Луда Мара.

За целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците во ВП „Долен Вардар" изградена е акумулацијата Паљурци на реката Луда Мара. Основна намена на водата од акумулацијата е наводнување на обработливите површини во Богданечко Поле.

За идниот период се предвидува изградба на акумулациите Конско на Конска Река, Петрушка на Петрушка Река и Градец, Милетково, Ѓавато и Гевгелија на реката Вардар. Овие акумулации се повеќенаменски, водите ќе се користат за наводнување на обработливите површини, производство на електрична енергија, контрола на поплави и оплеменување на малите води.

Трасата на гасоводот во ВП „Долен Вардар" минува низ сливното подрачје на планираната акумулација Петрушка на Петрушка Река, но и преку водното огледало на планираната акумулација Гевгелија на реката Вардар.

Максималното ниво на водата во акумулацијата Петрушка се предвидува на кота 213,5 м.н.в.

Максималното ниво на водата во акумулацијата Гевгелија се предвидува на кота 54,2 м.н.в.

При изработката на проектно планската документација за гасоводот да се има во предвид планираната акумулација Гевгелија на реката Вардар и да се превземат соодветни мерки за да не дојде до конфликт во функционирањето на гасоводот и реализацијата на акумулацијата во идниот период.

Заради значењето и важноста на акумулациите како постојан изворник на вода, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни ефекти и ризици врз човековото здравје и животната средина. Стратешка определба е максимална заштита на сливовите на акумулациите со превземање на мерки кои ќе го спречат деградирањето на речните корита и со кои ќе се обезбеди заштита на сливното подрачје на акумулацијата. Заради заштита на сливот на акумулацијата од појава на лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои не се дозволува изведба на работи кои би можеле да ги сменат природните услови во околината на акумулацијата (сечење на дрва и уништување на вегетацијата на бреговите).

Трасата на гасоводот минува низ сливови и речни корита на постојани и времени водотеци. При изработката на проектно планската документација и нејзината реализација да се применуваат мерки со кои ќе се заштити сливот на

реката од појава на ерозија, порои и лизгање на земјиштето, односно да се избегнува деградирање на просторот преку сечење на дрва, уништување на вегетацијата, менување на пејсажот и сл.

Друг значаен ресурс на води се подземните води чија издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради високиот квалитет со кој најчесто се одликуваат, имаат големо значење за покривање на потребите од вода, но во Републиката не се доволно истражени.

Еден од основните приоритети во управувањето со водите е континуирано обезбедување на квалитетна вода за потрошувачите. Бидејќи Источниот регион е сиромашен со вода, со Просторниот план на Република Македонија зацртана е изградба на регионален водостопански систем (РВС) „Треска", со кој ќе се зафаќаат води од сливовите на реките Треска и Црна Река и ќе се транспортират кон Источна Македонија, односно ќе се покриваат потребите во ВП „Скопје", „Пчиња", „Средна и Долна Брегалница" и „Струмичко Радовишко". Дефинирањето на трасата на овој РВС ќе биде предмет на идна проектно техничка и урбанистичко планска документација.

Трасата на гасоводот минува и низ бунарското подрачје „Ѓавато" кое е дел од проектот „Спас на Дојранско Езеро". Со изградбата на ова бунарско подрачје покрај дополнителни количини на вода за Езерото се обезбедуваат вода за пиење за населените места во регионот и за развој и унапредување на земјоделството.

За наводнување на обработливите површини во ВП „Среден Вардар" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 4.390 ha., а постојат можности за наводнување на уште 15.203 ha. Изворници за наводнување се планираните акумулации, реката Вардар, Црна Река и р. Бошава.

За наводнување на обработливите површини во ВП „Долен Вардар" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 6.858 ha. во Гевгелиско, Богданечко и Валандовско Поле, а за планскиот период се предвидува проширување за нови 8.475 ha. За подобрување на наводнувањето на земјоделските површини реализиран е проектот Јужен Вардар преку кој се изградени/ рехабилитирани системите Миравци, Удово, Негорци/Прдејци и Паљурци со вкупна површина од 2.628 ha.

При изработката на планско проектната документација да се согледа состојбата со постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и да се предвидат соодветни мерки со кои ќе се избегнат конфликтите меѓу овие два важни инфраструктурни објекти.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат

големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Мелити) и Косово (Урошевац) и кон Бугарија (Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Врање.

Трасата предвиена за изградба на **Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција се сече со:**

- **400kV далноводи Дуброво-Скопје4 и Дуброво-Битола2**
- **400kV далновод Дуброво-Солун (5 пати)**
- **110kV далновод Гевгелија-Валандово**

заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат: "Законот за енергетика" (Службен весник на РМ број 96/2018, членови 203 и 204) и "Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV" (Службен лист на РМ бр.25/2019 год.).

Гасовод и нафтовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р.Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-СМакедонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се изгради делница-1 (Клечовце-Штип-Неготино) со што се овозможија поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион.

Трасата предвиена за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција се сече со магистралниот гасовод од делницата-1 заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува "Правилник за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓубароден транспорт" (Сл. весник на СФРЈ бр.64/73).

Заради зголемување на сигурноста во снабдувањето со нафта и нафтени деривати на Републиката изграден е нафтоводот Скопје-Солун со кој се овозможува транспорт на два милиони тони сирова нафта од пристаништето во Солун до Рафонеријата ОКТА.

Трасата предвиена за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција се сече со нафтоводот Скопје-Солун заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува "Правилник за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт" (Сл. весник на СФРЈ бр.64/73).

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија.

Процесот на урбанизација веќе се одвива, а и во наредниот период ќе се одвива во општествено-економски услови во кои приватната иницијатива и пазарното стопанство ќе имаат значајно место и насочувачка улога во дефинирањето на перспективниот долгорочен просторен развој. Во тој контекст, приватната иницијатива, ќе претставува движечка сила за побрз и порамномерен развој пред сé на руралните населби во непосредната околина, а посредно и врз вкупниот општествено економски и урбан развој и во пошироката околина, односно блиските урбани центри.

Изградбата на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти во иницирање и интензивирање на стопанските дејности, остварување подобри резултати и позитивни ефекти врз локалната и национална економија, со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на населбите, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија,
- усогласување на динамиката на процесот на просторната прераспределба на населението со динамиката на стопанскиот развој;
- интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните градски центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој.

Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на неселените места и инфраструктурната екипираност на просторот.

Еден од главните индикатори за проекција на идните сообраќајни потреби, како и за утврдувањето на капацитативните можности и димензионирање на патната мрежа е и порастот на парцијалниот степен на моторизацијата.

Ваквата идеја и иницијатива за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција е во духот на предложениот концепт за просторен енергетско – инфраструктурен развој на државата.

Домување

Во Просторниот план на РМ, функцијата домување е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигање на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- Обезбедување стан за секое домаќинство;
- Подобрување на станбениот стандард во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- Изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- Обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигање на квалитетот на станбениот фонд;
- Замена на субстандардниот станбен фонд;
- Организирање на становите како хумано уредени простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- Обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување поволни кредитни услови за станбена изградба;

- Користење на градежни материјали без негативни влијанија врз квалитетот на водите;
- Изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Во тој контекст оваа иницијатива **за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција,** овозможува понуда на услуги во функција на поквалитетен стандард на домување во случајов употреба на еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива, а истиот ќе се користи освен за потребите во стопанството и во зоните со намена домување во населените места.

Јавни функции

Организацијата на јавните функции е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Доколку трасата **за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција**, поминува низ населено место и тоа во непосредна близина на локациите со намена за јавни функции, (образование, култура, здравство, спорт и рекреација), да се почитува соодветната важечката законска регулатива.

Индустрија

E1.10 - Цевни водови и продуктоводи: меѓународни и меѓуградски надземни, подземни или подводни нафтоводи со црпни станици и сладишта за нафта и нафтни производи, меѓународни, ***меѓуградски и градски високопритисни и дистрибутивни нископритисни гасоводни водови и мрежи со главни и градски мерни станици и припадни постројки и опрема***, хемиски и други продуктоводи со припадните постројки

Во групата на класи на намени E1.10, спаѓа :

E1.10 – Меѓународни, меѓуградски и градски високопритисни и дистрибутивни нископритисни гасоводни водови

Како и придружните објекти:

E1.10 – Припадни постројки и опрема

За планираните објекти со намена E1.10 – Припадни постројки и опрема, се формира површина за градење со градежни линии со нумерација, класа на намена на градбата и максимална висина. Во одредени површини за градба се предвидува изградба на повеќе објекти, чија поставеност во површината за градба ќе се утврди со основен проект.

Локацијата на овие објекти во однос на трасата на гасоводот се наведени во следната табела:

р.бр	Објекти	км	Објаснување
1	ПЧС-I1	6+735.00	ПОЈДОВНО-ПРИЕМНА ЧИСТАЧКА СТАНИЦА
2	БС-I1	6+860.00	Блок станица I1
3	БС-I2	28+730.00	Блок станица I2
4	БС-I3	51+160.00	Блок станица I3
5	ПРС-I1	66+055.00	Приемна-Чистачка Станица
6	РС-I1	66+275.00	Редукциска Станица
7	БС-I4/I5	66+440.00	Блок станица I4/I5

Електро и телекоминикациски инсталации

За опслужување на припадните постројки, опрема и пратечки објекти со електрична енергија се предвидуваат доводи на струја од најблиските приклучни места од постојната електро мрежа. Доводите на ел.енергија се предвидени преку СН подземен кабел од приклучното место до ново предвидените столбни трафостаници и истите влегуваат во рамки на планскиот опфат.

Доводи на струја се наоѓаат на следните стационажи:

- ДС-1 на км 6+860 ;
- ДС-2 на км 28+730 ;
- ДС-3 на км 51+160 ;
- ДС-4 на км 66+300)

Паралелно со цевката на гасоводот, во истиот ров, се предвидува поставување на црева за оптички кабли за идна телекомуникациска и телеметриска мрежа. За ревизија на каблите се предвидуваат ревизиони шахти за оптички кабел со посебни површини за градба.

Сообраќаен пристап

За изградба на магистралниот гасовод прво е потребно е расчистување на теренот, односно изградба на соодветен пристапно манипулативен пат - сообраќајница по должината на цевководот од гасоводот. Овој пат во суштина претставува работен манипулативно пристапен простор и истиот е неопходен по целата должина на трасата, во континуитет. Ширината на работниот појас е 25 метри, по 12,5 метри лево и десно од шематскиот приказ на осовината на гасоводот. Границите на работниот појас ги дефинираат границите на планскиот опфат.

Расчистување на теренот и изведбата на работниот манипулативен простор (ROW) може да се работи на повеке делници истовремено во зависност од пристапноста на теренот, регулацијата на имотно-правните односи (Експропријација) и можностите на изведувачот (Расположивост со механизација).

Пристап до секоја градилишна подсекција ќе се обезбеди преку постојната патна мрежа во делот на пресекување со трасата или најблизок страничен пристап кон трасата со запазување на сите законски норми за регулација на привремениот сообраќај, соодветно обележување на овие влезови и излези од градилиштето и обезбедување на сите дозволи од релевантни институции.

Ширината на овој работен манипулативно пристапен простор е различна и варира во зависноста од дијаметарот на гасоводот, од подолжниот и попречниот наклон на теренот, од потребата за совладување на разни природни препреки, од евентуално постоење на градежни објекти или постојна инфраструктура, од видот и квалитетот на локалните земјоделски насади од експроприраниот појас и од други фактори.

Во работниот простор (25 метри, по 12,5 метри лево и десно од осовината на цевката), треба да се смести пристапниот пат и работен појас за градежната механизација како што се ровокопачи, булдозери, утоварачи, цевкополагачи и сл. Покрај тоа, неопходно е да се овозможи пристап на тешки транспортни моторни возила заради локален транспорт и распоредување на челичните цевки. Во непристапните терени овој транспорт може да се организира со трактори и друга слична механизација оспособена за непречено движење по земјани патишта.

Цевките на гасоводот се вкопуваат на длабочина која што претставува растојание помеѓу горниот раб на гасоводот или заштитната цевка и котата на теренот. Минималното вкопување на гасоводот е 0,80 м, за да се оневозможи замрзнување на земјиштето на кое лежи цевководот. Оваа длабочина се зголемува и намалува во зависност од разредот на гасоводот и објектите што се во близина на појасот на гасоводот, а се пропишани со **„ПРАВИЛНИКОТ за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални**

нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт" (Сл.лист на СФРЈ бр.26/1985) (Сл.весник на РМ бр.18/97).

8. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција е работен врз основа на Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр. 32/20), Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, 225/20, 219/21, 104/22), Правилник за техничките услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Сл.лист на СФРЈ бр.26/1985) (Сл.весник на РМ бр.18/97), како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот и градежништвото.

Гасовод е цевовод опремен со потребните делови и уреди што служат за транспорт на гас.
Гас е природен гас и сите видови гасови за горење, освен пропан и бутан.

Општите услови важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на УППГДЗ.

Согласно чл. 50 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, 225/20, 219/21, 104/22) "Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење се спроведува директно со проектна документација и издавање на акт за градење."

1) **Границата на планскиот опфат** на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење претставува граница на подрачјето, комплексто на градби или градежната парцела односно земјиштето што е неопходноза градење и употреба на програмските содржиништо се планирани со урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење. Согласно чл.48 ст.2 и ст.3 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, 225/20, 219/21, 104/22),

> *"(2) Земјиштето во плански опфат на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење добива статус на градежно земјиште доколку тоа е уредено во планот.*
> *(3) Во планскиот опфат на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење земјиштето може да го задржи статусот на земјоделско, шумско или друго земјиште, доколку е тоа во планот уредено."*

Површината на планскиот опфат изнесува 173.87 ha (1738744.2 m2). Границата на плански опфат го претставува коридорот за интерконективниот гасовод и е поставена 12,5м лево и десно од шематскиот приказ на оската. Коридорот опфатен со планскиот опфат има ширина од 25м и претсавува оптимален работен појас потребен за реализација на предвиденото решение. На локациите предвидени за изградба на пратечки објекти односно Припадни постројки и опрема опфатот се проширува адекватно на потребните површини за иградба на објектите.

2) **Во графичките прилози на планот е претставен шематски приказ за линиско водење на интерконективниот гасовод,** односно оската е шематски

прикажана и истата ќе биде детално разработена со основен проект.

3) **Со планот се предвидува заштитен појас на гасоводот 30м лево и десно од од шематскиот приказ на оската** согласно чл.9 од Правилник за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Сл.лист на СФРЈ бр.26/1985) (Сл.весник на РМ бр.18/97). Според горенаведениот Правилник:

*-"Во појасот широк 30 m лево и десно од оската на гасоводот, по изградбата на гасоводот, е **забрането да се градат згради наменети за домување или престој на луѓе,** без оглед на степенот на сигурноста со кој е изграден гасоводот и без оглед на тоа во која класа е распореден појасот на цевоводот.*

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, згради наменети за домување или престој на луѓе можат да се градат во појас потесен од 30 m ако градбата веќе била предвидена со урбанистичкиот план пред проектирањето нагасоводот и ако се применат посебни мерки за заштита, со тоа што најмалото растојание на населената зграда од гасоводот мора да биде, и тоа:

1) за пречник на гасоводот до 125 mm - 10 m;
2) за пречник на гасоводот од 125 mm до 300 mm - 15 m;
3) за пречник на гасоводот од 300 mm до 500 mm - 20 m;
4) за пречник на гасоводот поголем од 500 mm - 30 m;"

Согласно чл.10 од Правилник за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Сл.лист на СФРЈ бр.26/1985) (Сл.весник на РМ бр.18/97) при проектирањето на гасоводот да се земе во предвид вториот Заштитент појас на гасоводот кој е широк по 200м' **лево и десно од од шематскиот приказ на оската** и служи за димензионирање на зоните на сигурност за гасоводот. Согласно овој заштитен појас а во согласност од изградените или планираните објекти востановени се 4 зони на сигурност од кои зависи дебелината на ѕидот на цевката , видот на изолација како и длабочината на вкопување на цевката.

4) Во **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** не се предвидува формирање на градежна парцела, согласно член 95, став 5 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, 225/20, 219/21, 104/22):

*"По исклучок од ставовите (2) и (3) од овој член со урбанистички план и урбанистички проект можат да се офоромат градежни парцели или да се предвидат градби во парцела без пренаменување на земјиштето во градежно или **да се предвидат градби без воопшто да се формира парцела**, и тоа за специфични намени во природни средини вон населени места за коишто не се предвидува стандарден категоризиран сообраќаен пристап или друга инфраструктура, или пак самите се делови од поединечни инфраструктурни системи, како што се:*
- А4.4 планинарски домови,
- А4.5 ловни домови, шумски куќи и истражувачки куќи,
- класата на намени В6 заштитени споменици на културата,
- В7.1 згради за караули и стражарски пунктови,
- Г3.7 ветерни електрани, сончеви електрани, мали хидроелектрани,
- Г5.4 рибници,
- градби од класата на намени Д3 спорт и рекреација на зелени површини,
- класите на намени Д1, Д2 и Д5, и

- други намени што ги исполнуваат условите за исклучок од овој став.″

5) **Намена на земјиштето** подразбира начин на уредување, изградба и употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат во нив, според Чл. 73 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, 225/20, 219/21, 104/22).
Во **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција**, се предвидува една класа на намена на земјиштето согласно чл.77 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22).

Основната намена во планскиот опфат:

Е1.10 – Меѓународни, меѓуградски и градски високопритисни и дистрибутивни нископритисни гасоводни водови

Како и придружните објекти:

Е1.10 – Припадни постројки и опрема

6) **Површина за градење за планираните објекти со намена Е1.10 – Припадни постројки и опрема,** се формира со градежни линии, со нумерација, класа на намена на градбата и максимална висина. Во одредени површини за градба се предвидува изградба на повеќе објекти, чија поставеност во површината за градба ќе се утврди со основен проект.

7) Максималната висина на **планираните објекти со намена Е1.10 – Припадни постројки и опрема** е 12м. Објектите кои ќе се градат во предвидените површини за градба ќе имаат различни висини условени од потребата за простор, намената и технолошкиот процес и истите ќе бидат утврдени во понатамошните фази со основен проект.

8) За изградба на магистралниот гасовод прво е потребно е расчистување на теренот, односно изградба на соодветен **пристапно манипулативен пат** - **сообраќајница** по должината на цевководот од гасоводот. Овој пат во суштина претставува работен манипулативно пристапен простор и истиот е неопходен по целата должина на трасата, во континуитет. Пристап до секоја градилишна подсекција ќе се обезбеди преку постојната патна мрежа во делот на пресекување со трасата или најблизок страничен пристап кон трасата со запазување на сите законски норми за регулација на привремениот сообраќај, соодветно обележување на овие влезови и излези од градилиштето и обезбедување на сите дозволи од релевантни институции. Сите сообраќајни врски во рамки на опфатот ќе се дефинираат во следните фази на разработка со основен проект.

-Инвеститорот е должен да добие дозвола од сопствениците на патиштата и локалните власти за користење на постоечките патишта и за изградба на нови пристапни патишта за потребите на работниот појас на гасоводот и други градежни локации.

9) Доводите на ел.енергија се предвидени преку СН подземен кабел од приклучното место до ново предвидените столбни трафостаници кои влегуваат во рамки на планскиот опфат. Столбните трафостаници се предвидени во склоп на површините за градба на останатите пратечки објекти.

10) Паралелно со цевката на гасоводот, во истиот ров, се предвидува поставување на црева за оптички кабли за идна телекомуникациска и телеметриска мрежа. За ревизија на каблите се предвидуваат ревизиони шахти за оптички кабел со посебни површини за градба.

11) Во појасот широк од 5 m на една и друга страна, сметајќи од оската на цевоводот, е забрането да се садат растенија чии корени достигаат длабочина поголема од 1 m, односно за кои е потребно земјиштето да се обработува подлабоко од 0,5 m.

12) На места каде гасоводот минува низ земјоделски обработени површини, потребно е отстранетиот хумус да се врати за секоја земјоделска парцела пооделно како не би се нарушил претходно воспоставениот бонитет. По ова секоја парцела се рекултивира.

13) Ако гасоводот поминува во близина на други објекти или е паралелен со тие објекти, растојанието не смее да биде:
-помало од 5m, од **регионални и локални патишта,** сметајќи од надворешниот раб на патниот појас;
-помало од 10m, од **магистрални патишта**, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас;
-помало од 10m, од **автопатишта**, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас;
-помало од 20m, од **железничка пруга**, сметајќи од границата на пружниот појас;
-помало од 30m, од **надземни делови на цевоводи**, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас, односно од границата на пружниот појас, освен ако цевоводот е поставен на друмски или железнички мост;
-помало од 15m, од **индустриски колосеци**, сметајќи од оската на крајниот колосек;
-помало од 1m (мерено хоризонтално), од **градежни објекти**, сметајќи од темелите на објектот, под услов да не се загрозува стабилноста на објектот;
-помало од 50cm, од **други подземни инсталации и мелиорациони објекти**, сметајќи од надворешниот раб на цевоводот до надворешниот раб на инсталацијата или објектот;
-помало од 10m, од **регулирани водотеци и канали**, сметајќи од ножицата на насипот.
- При премин на реки потребно е да се почитуваат следните правила:
  - Пресечната точка на гасоводот и реката, да биде на прави и стабилни делови на реката
  - Нивото на врвот на гасоводот е најмалку 0,5m под нивото на најниската точка од дното на реката, но не помалку од 1,5 м под дното за време на поставувањето.
  - На подводниот дел од гасоводот, премините каде постојат високи води и преку калливи површини (висока атмосферска вода), гасоводот треба да се заштити од испливување на површината.

- На локации каде што трасата на гасоводот се наоѓа во близина на други постојни цевоводи, инсталации или други објекти, работите треба да се изведуваат во согласност со сопственикот на инфраструктурата.
- Пред да започне градежна активност во близина постоечка подземна инфраструктура, вистинската позиција на инфраструктурниот вод треба да биде потврдена со истражни откопи со рачен ископ и според прецизно геодетско истражување, во консултација со сопствениците на водот. Доколку некоја инсталација е оштетена при откривањето, нејзината поправка во согласност со Сопственикот паѓа на товар на Изведувачот - само ако Сопственикот на инсталацијата претходно дал коректна информација за точната местоположба на истата. Доколку при изведбата се повреди некоја инсталација за која што претходно немало информации, а биле

побарани, тогаш санацијата на истата паѓа на товар на Сопственикот на инсталацијата.
- Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми. Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е во договор со сопственикот на инсталацијата да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата, а Инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

14) Ако цевоводот се поставува **под сообраќајница со прокопување** на таа сообраќајница, тој се положува без заштитна цевка, со двојна антикорозиона изолација која мора да се изведе за 10m лево и десно сметајќи од надворешниот раб на патниот појас. Во ровот под сообраќајницата, цевоводот без заштитна цевка мора да биде положен во постилка од ситен песок дебела најмалку 15cm околу цевката. Дебелината на ѕидот на цевката на цевоводот мора да биде пресмета на сите надворешни сили до чие дејство може да дојде.
Ако цевоводот се поставува **под сообраќајница со дупчење** на ров под таа сообраќајница, мора да се употреби заштитна цевка со соодветна цврстина и со пречник кој е најмалку за 100mm поголем од надворешниот пречник на цевоводот.
Должината на заштитната цевка на цевоводот под сообраќајница кај **јавни патишта** мора да биде поголема од широчината на коловозот за по 1m од едната и од другата страна, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас, а кај **железничката пруга** должината на заштитната цевка мора да биде поголема од широчината на пругата за по 5m и од едната и од другата страна, сметаќи од оската на крајниот колосек, односно за по 1m, сметајќи од ножето на насипот.

-при разминување со атарски патишта, потребно е да се обележи ископаниот ров, како и делот од работниот појас со безбедносна лента за предупредување. Притоа потребно е да се обезбеди алтернатива на патот (девијација) со цел да не дојде до прекин на возилата што се движат на тој дел-најчесто земјоделска механизација.

-при разминување со асфалтни патишта со прекопување, потребно е да се обезбеди дозвола за времен сообраќаен режим и согласно истиот да се изврши обележување на трасата и на патот, како и поставување на соодветна патна сигнализација за намалување на брзина, работа на пат, пренасочување и сл.

-при разминување со хоризонтално бушење (магистрални патишта, автопати, железници и сл), потребно е да се обезбедат и соодветно да се обележат со предупредувачка лента градежните помошни јами на влез и на излез на бушењето.Покрај горенаведеното, потребно е да се споведуваат сите мерки за безбедност и заштита при работа.

- до ЈПДП потребно е да се достави барање за добивање Одобрување за подземни премини на гасоводот под државните патишта. Условите за подземните премини на гасоводот ќе бидат дефинирани во Одобрувањето.

15) При вкрстување на гасовод со **сообраќајници, водотеци и канали**, аголот меѓу оската на цевоводот и оската на пречката мора да изнесува меѓу 90° и 60°. За да се изведе вкрстување под агол помал од 60° мора да се прибави согласност од надлежните органи. При вкрстување со железничка пруга не е дозволен агол помал од 60°.

16) Доколку при изградба на магистралниот гасовод, се зафатат или оштетат постојни **водостопански објекти**, Носителот на согласноста е должен на своја сметка да ги доведе во првобитна функционална состојба.

17) Доколку при изградба на магистралниот гасовод настанат штети од поплави, за кој причинител е изградбата на магистралниот гасовод, Носителот на согласноста е должен тоа да го реши и надомести на своја сметка.

18) По завршување на градењето на објектите, целиот отпаден и помошен материјал што бил потребен при изградба да се однесе надвор од речните корита, за да не дојде до нарушување на режимот на течењето а природната околина да се доведе до првобитната состојба.

19) Со изградба на магистралниот гасовод да не се нарушува функционалноста на отворените канали и речни корита. На места каде трасата на гасоводот се пресекува со водни препреки, да се предвиди изведба на времени пропусти од челични цевки со пропусна моќ за веројатна појава на води минимум еднаш во 2.5 години, низ кои ќе се пренасочува водата од преминот. Да се обрне внимание да нема прекин на водниот тек. На места каде водните препреки се пресечени, треба да бидат поставени огради за заштита на животната средина за да се избегне навлегување на земја во водниот тек како резултат од градежните активности.

20) Доколу се утврди дека во текот на изградбата на магистралниот гасовод, Носителот на согласноста не се придржува кон условите содржани во Водостопанската согласност, Министерството за животна средина и просторно планирање ќе донесе решение за запирање на работите и ќе се определи рок за прилагодување кон условите содржани во согласноста.

21) Бидејќи се работи за плански решенија, сите елементи дадени во урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење се менливи доколку проектите од пониско ниво (основни и изведбени) покажуваат поопрaвдани, поекономични или условени од аспект на времена реализација на решенија.

22) Сите евентуални измени по одобрувањето на оваа планска документација, како на линиското водење на интерконективниот гасовод, кои се во границата на планскиот опфат на коридорот за интерконективен гасовод ќе се прават со урбанистички проект.

23) При изготвување на проектните решенија за реализација на планот како и при самата изградба да се почитуваат мерките за заштита на животната средина и природата согласно важечката законска регулатива.

24) **При реализацијата на планските решенија, при разработка на проектната документација и при изградба, треба да се почитуваат сите услови што се добиени од Јавните комунални претпријатија и институции кои се дадени како прилог на оваа планска документација**

24.1) **АД Водостопанство на РСМ-Скопје – Бр. 08-3105/3/20 од 29.04.2021**
При реализација на проектот, изведувачот има обврска повторно да се обрати до АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, за да се лоцираат попрецизно пресечните места на гасоводот со инфраструктурата со која стопанисува во моментот или до моментот на градба ќе има нова инфраструктура.

При евентуално настанатата штета на цевководите и инфраструктурата, изведувачот има законска обврска да санира и ја доведе инфраструктурата со која стопанисува АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје во функционална состојба, без оглед на применетото техничко решение.

24.2) **ЈКП "Бошава" ДЕМИР КАПИЈА ЈАВНО ПРЕТПТРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ – Бр. 09-103/2 од 02.02.2021**

Навремено, пред почетокот на градежните работи во близина на водоводната и канализационата мрежа, потребно е изведбата на градежноите работи да се координира со давателот на услугите-ЈКП Бошава од Демир Капија, при што неопходните заштитни мерки треба да се утврдат договрно. Доколку при изградбата на објектот е потребна промена или дислокација на водоводните и канализационите инсталации и постројки, инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за диослокација. Во случај на настанување на штета на водоводните и канализационите инсталации и постројки, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на давателот на услугите - ЈКП Бошава од Демир Капија.

24.3) **Агенција за цивилно воздухопловство– Бр. 12-8/414 од 02.10.2020**

Доколку во планскиот опфат се планира изградба на:

- Издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, или
- Оџаци со височина поголема од 30м, или
- Други објекти со височина поголема од 100м,

Потребно е со планот да се задолжи инвеститорот до Агенцијата за цивилно воздухопловство да се достави соодветна проектна документација (Архитектонско урбанистички проект или Основен проект) со барање за издавање на согласност со услови од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став (2) од Законот за воздухопловство.

24.4) **ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ – Сектор за оператива и логистика - Подрачно одделение Гевгелија – Бр. 09-170/2 од 01.10.2019**

Инвеститорот при поднесување барање во рамките на основниот проект, во проектната документација за изградба на објекти како и за проекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи согласно член 70 став 1 од Законот за заштита и спасување- пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија" бр.93/2012) и согласно Упатството за содржината на Елаборатот ("Службен весник на Република Македонија" бр.139/2010).

24.5) **ЕВН** - **ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје Бр. 10-55/2-97 од 19.03.2021**

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се контактира најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

24.6) **ЈП за ДРЖАВНИ ПАТИШТА на РС Македонија бр. 10-9346/2 од 14.09.2020**

Потребно е да се достави барање за добивање Одобрување за подземни премини на гасоводот под државните патишта. Условите за подземните премини на гасоводот ќе бидат дефинирани во Одобрувањето

24.7) **МЕПСО Бр. 11-6248/1 од 06.10.2020 и Бр. 10-27/1 од 13.01.2021 и 10-2871/1 од 30.05.2022**

-Податоците се од информативен карактер и затоа при реализација на предметната активност потребно е да се направи детална геодетска снимка на планскиот опфат со приказ на постојна состојба на земјиштето, катастарските парцели, градби и податоци за подземни, надземни и воздушни инсталации како и нивелациони коти на теренот, на ажурирана геодетска подлога, согласно член 2 точка 1 и член 43 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/2020). При тоа треба да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ бр.96/2018).

Во случај на потреба од евентуална дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објекти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на Ваш товар и сметка. Доколку при реализација на планираните градежни работи настане штета врз електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО-Скопје.

-Потребно е пред почеток на градба со гасоводот за сите пресеци со постоечките далекуводи, до АД МЕПСО да се достави Елаборат за Електромагнетно влијание, изработен од правно лице со лиценца А за проектирање на градби од прва категорија.

- По разработка на и изготвување на Проект за катодна заштита, истиот да се достави официјално до АД МЕПСО, со цел негово одобрување.

Инвеститорот/Изведувачот се должни да ги испочитуваат минималните безбедносни растојанија на постоечките електро-енергетски објекти вцртани во планската документација како и да го испочитуваат чл.203 став1 од Законот за енергетика (Сл.Весник на РМ бр.96 од 28.05.2018), Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1кВ до 400кВ (Сл.Весник на РМ бр. 25/2019 од 1.02.2019), како и Мрежни правила за пренос на електрична енергија (Сл.Весник на РСМ бр.4 од 10.01.2022).

Во случај на непочитување на погоренаведеното како и во случај на предизвикување на било каква штета по животната средина, имотот и луѓето, АД МЕПСО нема да сноси никаква одговорност, а во случај на настанување на било каква штета на електроенергетските објекти инвеститорот/изведувачот/општината се должни да ја надоместат штетата на АД МЕПСО.

24.8) **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА Бр. 11-3888/4 од 16.09.2019**

Предметниот плански опфат поминува преку предложеното подрачје за заштита "Студена Глава" – подрачје предложено за иден Научно истражувачки природен резерват и преку подрачјето "Копришница", значајно за зачувување и управување со одредени видови. За овие подрачја не се предлага нивно прогласување во некоја од шесте категории за заштита, туку соодветни мерки за заштита на видовите треба да се вклучат во релевантните просторно плански докумнети или секторски стратегии за искористување на земјиштето.

- 24.9) **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – СЕКТОР ЗА ВОДИ Бр. 11-3887/6 од 31.12.2019**
  Предметниот плански опфат поминува преку повеќе постојани и повремени површински водотеци и преку предвидената акумулација "Гевгелија", согласно Водостопанската основа од Просторниот План на Р.Македонија, па согласно Законот за води (Службен весник на Република македонија бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/2016) при изработка на проектната документација треба да бидат исполнети следните критериуми од аспект на заштита на водите:

  1. *Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.*

  2. *Местоположбата на постројките и објектите треба да биде надвор од крајбрежниот појас на езерата/акумулациите во широчина од 50 метри од линијата на највисокиот утврден водостој заради спречување на нарушување на крајбрежното земјиште на езерата и акумулациите.*

  3. *Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци,езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:*
     Да се менува правецот на водотекот;
     Да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
     Да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
     Да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
     Да се вади чакал, песок и камен од корита од корита и бреговите на површинските водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користење на водите;
     Да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
     Да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
     Да се вршат други активности со ки се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

  4. *Заради заштита и спречување од оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.*

5. *Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и други активности активности да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.*

6. *Објектите и постројките кои во процесот на производство, преработка, полнење и складирање користат или применуваат опасни материи и супстанции, вклучувајки и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции се градат, поставуваат, работат и одржуваат во согласност со најдобри достапни техники прилагодени на научно –техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите.*

7. *Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.*

8. *Во случај на емисија што би можела да влезе директно или индиректно во површински води, подземни или канализационене систем, правното лице одговорно за работењето на постројката мора веднаш да го информира Министерството за животна средина и просторно планирање, како и да ги преземе сите пропишани мерки за спречување и намалување на негативните последици по животната средина.*

   *Исто така, бидејќи е утврдено дека проектниот опфат на предметниот гасовод поминува во третата заштнитна зона согласно Елаборатите за определување на заштитни зони околу изворишта за водоснабдување на с.Негорци, с.Прдејци и с.Смоквица, општина Гевгелија, потребно е да се внимава при изградбата поставувањето на гасоводот да не се испуштаат опасни и штетни хемиски супстанции и материи на почвата, кои би можеле да доведат до загадување на почвата, површинските и подземните води, односно е потребно да се земе во предвид и мислењето од правниот субјект кој управува со изворишт*е*то*

   Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконснтрукција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта , а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

   Во однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и ситемите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е А.Д. Водостопанство на Република Северна Македонија.

24.10) **Македонски Телеком АД-Скопје Бр. 32638 од 06.12.2020**
Заради големиот број на колизии на трасата со инсталации на Телеком, пред да се започне со реализација на гасовдот, Инвеститорот е потребно, преку служба за продажба на Телеком, да склучи Договор за начинот на решавање (технички и инвестициски) за сите локации на колизија на трасите.

24.11) **Македонски Железници инфраструктура Бр. 2001-2827/1 од 28.06.2019 и Бр. 2001-4393/2 од 17.11.2020 и бр.2001-1964/2 од**

Предложената траса на гасоводот се пресекува со железничката пруга Велес-Гевгелија на км 606+700 каде што постојат кабелески инсталации, сопственост на ЈП МЖ Инфраструктура, на растојание од 10m лево и десно од осовината на пругата. За понатаможната реализација на проектот, односно за изработка на Основен проект потребно е да се добијат Услови за изработка на техничка документација издадени од ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје.

24.12) **НЕОТЕЛ Бр. 03 33816 од 16.07.2019 и 0302-690/2 од 1.07.2022**
Бидејќи во посочениот опфат Неотел Дооо има постоечка инфраструктура, пред почетокот на градежните активности да бидат известени за истите, за да се направи увид на лице место и да се дефинира дали ќе биде потребна дислокација на нивната инфраструктура и дали ќе треба да се превземат активности за заштита на истата.

24.13) **Дирекција за технолошки индустриски развојни зони бр.08-703/3 од 3.06.2022**
По завршување на изработка на основниот проект Инвеститорот има обврска да достави скица (ситуација и надолжен профил) на проектираната состојба на делот од трасата кој се вкрстува со водоводната инсталација на ТИРЗ и пристапен пат кои се планирани за изградба.

24.14) **Министерство за култура – УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО Бр. 17-2905/2 од 13.10.2020**
Управата за заштита на културното наследство констатира дека во границите на опфатот нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.
Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

24.15) **Министерство за внатрешни работи на РС Македонија – Сектор за телекомуникации бр. 11.2.67319/2 од 01.07.2022**
Во фаза на изведба на кај посочените локации на разминување на гасоводот со постоечки телекомуникациски инсталации на МВР, потребно е претходно да бидат известени надлежните лица од Сектор за телекомуникации од Министерство за внатрешни работи на РС Македонија.

9. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ ЗА СЕКОЈА УРБАНИСТИЧКА ЕДИНИЦА ПОСЕБНО

Посебните услови за изградба развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат за секоја урбанистичка единица посебно и во продолжение се дадени табеларно.

Површината на планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција е 173.87 ha (1738744,2m2).
Согласно Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22) во рамки на целиот плански опфат се предвидува една класа на намена:

Е1.10 – Меѓународни, меѓуградски и градски високопритисни и дистрибутивни нископритисни гасоводни водови
- со површина од 171,54ha предвидена за изградба на линискиот дел од гасоводната инфраструктура.

Е1.10 – Припадни постројки и опрема – со површина од 2,33ha предвидена за изградба на припадните градби, постројки и опрема.

Е1.10 - Меѓународни, меѓуградски и градски високопритисни и дистрибутивни нископритисни гасоводни водови				
Бр. на површина за градба	Површина за градба	Површина за градба m^2	Основна класа на намена	Должина на траса m’
1	Интерконективен гасовод	1,715,443.7	Е1.10	**66518.68**

- Во графичките прилози на планот е претставен шематски приказ за линиско водење на интерконективниот гасовод, односно оската е шематски прикажана и истата ќе биде детално разработена со основен проект.
- Длабочината на ровот за поставувањето на цевководот најчесто изнесува 2 метри од котата на теренот. Нивелетите на горен раб на цевка прикажани во планот се ориентациони и истите прецизно ќе бидат утврдени со Основен проект.
- Појасот широк 7м (3.5 m на една и друга страна од оската на гасоводот) ќе биде предмет на трајна експропријација, како и просторот околу површините за градба предвидени за Припадни градби опрема и постројки, кој ќе биде прецизно утврден по изработка на основните проекти и соодветни елаборати.
- Бидејќи гасоводот претставува подземна линиска инфраструктура, по реализација на планските решенија се дозволува земјиштето во коридорот предвиден за трасата на гасоводот, да се користи како земјоделско или друго земјиште доколку користењето не е спротивно на условите пропишани во Правилникот за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Сл.лист на СФРЈ бр.26/1985) (Сл.весник на РМ бр.18/97).
-Во појасот широк 10м (5 m на една и друга страна од оската на гасоводот која прецизно ќе биде дефинирана со понатамошна проектна документација), е забрането да се садат растенија чии корени достигаат длабочина поголема од 1 m, односно за кои е потребно земјиштето да се обработува подлабоко од 0,5m.
-Евентуални штети на земјоделските култури кои би настанале при сервисирање и одржување на гасоводот во појасот од 7м (3.5 m на една и друга страна од оската на гасоводот која прецизно ќе биде утврдена со Основен проект) нема да се надоместуваат.
-При изработка на проектните решенија и при реализација на планските решенија задолжително да се применуваат Мерките за заштита согласно добиените дописи од надлежните институции и важечките закони предвидени со оваа планска документација согласно важечките закони.

Е1.10 - Припадни градби опрема и постројки

Бр. на површина за градба	Површина за градба	Површина за градба m^2	класа на намена	Висина на градба m’	Катност	Вкупна развиена површина m^2	Процент на изграденост %	Коеф. на искорист.
2	- Столбна ТС 10/0.4kV - Појдовно приемна чистечка станица LRS-I1 -Контролна соба	4468,00	Е1.10	12.0	П	4468,00	100	1
3	- Блок станица - крак кон Струмица BVS-I1	925,00	Е1.10	12.0	П	925,00	100	1
4	-Контролна соба	154.00	Е1.10	12.0	П	154,00	100	1
5	- Столбна ТС 10/0.4kV - Блок станица BVS-I2 -Ревизиона шахта за оптички кабел	1391,00	Е1.10	12.0	П	1391,00	100	1
6	- Блок станица BVS-I3 -Ревизиона шахта за оптички кабел	684,00	Е1.10	12.0	П	684,00	100	1
7	-Контролна соба - Столбна ТС 10/0.4kV	506,00	Е1.10	12.0	П	506,00	100	1
8	-Контролна соба - Приемна чистечка станица – RS-I1 -Ревизиона шахта за оптички кабел	4821,00	Е1.10	12.0	П	4821,00	100	1
9	Редукциска станица – PRS-I1 -Ревизиона шахта за оптички кабел	5655,00	Е1.10	12.0	П	5655,00	100	1
10	- Блок станица – BVS – I4/I5 -Контролна соба -Ревизиона шахта за оптички кабел (2 шахти)	4550,00	Е1.10	12.0	П	4550,00	100	1
11	- Столбна ТС 10/0.4kV	25,00	Е1.10	12.0	/	25,00	100	1
12 до 65	-Ревизиони шахти за оптички кабел (Вкупно 56	54 x 2.25 =121.5	Е1.10	/	/	121.5	100	1

	шахти)							
ВКУПНО		**23300.5**	**Е1.10**	**12.0**	**П**	**23300.5**	**100**	**1**

- Во површините за градба бр. 2, 5, 6, 7, 8, 9, 10 се предвидува изградба на повеќе објекти, чија поставеност во површината за градба ќе се утврди со основен проект. Заради целосна флексибилност и поради комплексноста на намените процентот на изграденост и коефициентот на искористеност не се ограничуваат.
-Максималната висина на планираните објекти со намена Е1.10 – Припадни постројки и опрема е 12м. Објектите кои ќе се градат во предвидените површини за градба ќе имаат различни висини условени од потребата за простор, намената и технолошкиот процес и истите ќе бидат утврдени во понатамошните фази со основен проект.

-Висината на приземјето како и нултата плоча во однос на котата на тротоарот за сите градби е условена од намената на градбата и истата ќе се утврди во понатамошните фази на проектирање.

-Се дозволува градење под земја во површините предвидени за градба.

-При изработка на проектните решенија и при реализација на планските решенија задолжително да се применуваат Мерките за заштита предвидени со оваа планска документација согласно добиените дописи од надлежните институции и важечките закони.

10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

10.1 Заштита на животна средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од „пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој.
Мерките и активностите кои се преземаат во насока на рационално искористување на просторот и заштитата на животната средина, при што се земени во предвид и посебните интереси на просторниот развој се:

- спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство,
- организирање и уредување на просторот со цел да се постигне севкупен развој, посебно во однос на:
  - заштитата на природното и создаденото богатство,
- при уредувањето на просторот и прилагодувањето на новите потреби и иницијативи, потребно е да се издвојат оптималните можности за развој.

Законската регулатива, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на планската документација е следната:

- Закон за животна средина („Службен весник на РМ", број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16),
- Закон за заштита на природата („Службен весник на РМ", бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11,.59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16),
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на РМ", бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15),
- Закон за управување со отпад („Службен весник на РМ", бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/09, 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/2015, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16),
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на РМ", бр. 79/07, 47/11, 163/13, 42/14, 44/15),
- Закон за заштита и спасување („Службен весник на РМ", бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/2016 и Пречистен текст 93/12),

Со цел да се обезбеди заштита на животната средина и запазување на поставените стандарди, при изработка на планската документација за **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција,** со основна класа на намена **Е1.10 – Меѓународни, меѓуградски и градски високопритисни и дистрибутивни нископритисни гасоводни водови, Припадни постројки и опрема,** потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Законот за животна средина („Службен весник на РМ", број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на РМ", број 74/05), треба да се утврди потреба од спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина (Прилог II од оваа Уредба). Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

- Да се планира изведба на современа инфраструктура.

Концептот за заштита на животната средина базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, меѓу кои амбиенталните и естетските потенцијали на просторот. Токму затоа, при планирање на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција**, потребно е да се потенцира дека создателот и/или поседникот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

За просторниот опфат на планот од страна на ТЕХНОЛАБ ДОО Скопје е изработена и **СТУДИЈА ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ НА ПРОЕКТОТ ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА** (јуни 2020). Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) е Надлежен орган за спроведување на постапката за ОВЖС и согласно Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010,

51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) изготви Решение за согласност бр. УП1-11/4 875/2020 од 26.01.2021.

10.2 Заштита на природно наследство

Од областа на заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност), Проектот за инфраструктура треба да се усогласи со Просторниот план на РСМ. на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.
Посебно внимание при заштитата на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградба што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, број. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11,.59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16) и Законот за животна средина („Службен весник на РМ", број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Доколку при изработка на проектот за инфраструктура или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство, согласно Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ, бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11,.59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16).

10.3 Заштита на културно наследство

При изведување на земјаните работи за изградба на Трасата на интерконективен гасовод особено да се внимава на можноста да се наиде на археолошки артефакти.
Доколку при реализација на Проектот за инфраструктура дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/2018).

10.4 Мерки за заштита од воени разурнувања, природни и технички-технолошки несреќи

Согласно со Просторниот план на Р.М. и согласно со Законот за одбрана (Службен весник на РМ бр.42/01, 05/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11, 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/2016) и Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15), предложената траса за изградба на магистралниот гасовод ЛОТ 2 делница, поминува низ неколку подрачја, па според тоа има и различни степени на загрозеност од воени дејствија и тоа: **зона со индиректен степен на загрозеност од воени дејства и простори со висок степен на загрозеност од воени дејства**.
Според тоа, во согласност со член 53 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр. 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/2016) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување, односно гасоводот да биде отпорен на сеизмички дејствија, на места каде се вкрстува со водотеците да се направи нивно регулирање како и можност за изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура.

Подрачјето на зоната за изградба на овој гасовод, според досегашните **сеизмолошки истражувања**, спаѓа во терени подложени на чести и силни земјотреси предизвикани како од подалечните епицентрални жаришта, така и од локалните и се наоѓа на границата на зоната изложена на потреси од **VII**^{0} stepeni po Merkalievata skala na o~ekuvani zemjotresi.

При изработка на техничката документација и изведбата на инфраструктурните објекти, истите треба да ги задоволуваат сите мерки на **превентива и заштита во случај на пожар и паника**. Изработката на техничката документација треба да биде во согласност критериумите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/2016) особено со членови 82 и 87.

10.5 Мерки за заштита и спасување

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер ,кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областите за кои се основани.
Во комплексот на мерките од превентивен карактер, проектантот задолжително треба да ги вгради мерките за заштита и спасување, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите („сл. весник на на РМ‟ бр.105/05).

Минимална длабочина на вкопување и минимални растојанија на гасоводот во однос на другите инфраструктурни водови се според "Правилникот за техничките услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Сл.Весник на РМ бр.16/85 и 18/97)". Нивелетата на гасоводот воглавном ја прати нивелетата на теренот, со одредени отстапувања заради запазување на минимални дозволени растојанија при вкрстување со други инфраструктурни водови.

Гасоводот поминува низ различни терени и ја менува категоријата од I до IV според "Правилник за техничките услови и нормативи за безбеден транспорт на природен гас со магистрални гасоводи и гасопроводи за мегународен транспорт".

Над цевките за гас во ровот, по целата негова должина се поставува жолта трака за предупредување со натпис гас односно гасовод. Над ровот, исто така по целата должина на гасоводот, се поставуваат надземни табли со напис гасовод со додатно означување на правецот на гасоводот. Ознаките и растојанијата за обележување на трасата на гасоводот се согласно нормативите пропишани во соодветните македонски стандарди.

Согласно известувањето на **Дирекцијата за заштита и спасување – Сектор за превенција, планирање и развој Подрачно одделение за заштита и спасување – Неготино, Арх.бр. 09/3-133/2 од 04.11.2019 год. се предвидуваат следните мерки :**

1. ***Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи***
   *При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти) треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно **Законот за заштита и спасување** (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08,18/11, 93/12,) Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр. 36/04 67/04,81/07,55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.*

   Според Член 68 од Законот за заштита и спасување: "Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропагандан карактер.
   Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.
   Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.
   Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи."

2. ***Заштита и спасување од урнатини***
   Заштита од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
   Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.
   При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
   Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни материјали согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Спасувањето од урнатини опфаќа мерки и активности за заштита од уривање, извидување на урнатината, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектот заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

Согласно Член 81 од Законот за заштита и спасување: "Заштита и спасување од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.
Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за изведување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерките за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва меицинска помош и извлекување на материјалните добра."

3. Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

При изработка на Урбанистичката проектна документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04 и 86/08 , 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и Пречистен текст : 93/12) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на Архитектонско урбанистичка проектна документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, препоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Според Член 34 од Законот за заштита и спасување: "Во остварувањето на заштитата и спасувањето Советот на единицата на локалната самоуправа ги врши следните работи:
Расчистување на локалните патишта , улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег , голомразица, наноси од земја, предизвникани од силни врнежи, одрони, лизгање на земјиштето и друго "

5. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.
Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот проект, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на Рм бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така, при проектирањето да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл. весник на РМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Согласно Член 87 од Законот за заштита и спасување: "Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.
Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита."

6. Неексподирани убојни средства (НУС)

Да се предвиди мерката: неексплодирани убојни средства (НСУ) согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15).
При изработка на техничката документација и изведбата на инфраструктурните објекти, истите треба да ги задоволуваат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар и паника. Изработката на техничката документација треба да биде во согласност критериумите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16) особено со членови 82 и 87.

При реализација на проектот да се почитуваат мерките за заштита и спасување, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и Пречистен текст : 93/12), Законот за пожарникарство – пречистен текст (Сл. весник на РМ бр.168/17). Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (С. Весник на РМ бр. 32/2011) и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл. весник на РМ 105/05).

Согласно известувањето на Дирекцијата за заштита и спасување – Сектор за превенција, планирање и развој Подрачно одделение за заштита и спасување – Неготино, Арх.бр. 09/3-133/2 од 04.11.2019 год. побарано е мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување од Дирекцијата за заштита и спасување која согласно со дописот со Арх. Бр. 09/3-141/2 од 12.11.2019 издаде позитивно мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување во Проектната документација на Проектот за инфраструктура.

10.6 Мерки за спречување на бариери за лица со инвалидност

Доколку има потреба од мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат, истите да се применат согласно Правилникот.

11. ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНСКОТО РЕШЕНИЕ СОГЛАСНО МИСЛЕЊА И ПОДАТОЦИ ОД НАДЛЕЖНИ СУБЈЕКТИ И ИНСТУТИЦИИ

Изработката на планската документација за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, започна во јуни 2019 година. Согласно тогашната законска регулатива документација беше насловена како **Проект за инфраструктура за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција**. Заради комплексноста на задачата, изработката на планско-проектната документација се провлече до 2021год, кога беше преработена како **Урбанистички проект за инфраструктура за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција**, (согласно измените на Законската регулатива), а подоцна во 2022 беше преработена како **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** согласно одобрената Планската програма од Инвеститорот АД НЕР (Решение за одобрување бр.21-2116/3 од 4.04.2022).

Трасата на гасоводот и опфатот за кои претходно има добиено податоци и информации од надлежни институции и претпријатија, во **Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** остана непроменета. Затоа претходно добиените податоци и информации кои се однесуваат на Проект за инфраструктура за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција и Урбанистички проект за инфраструктура се земени како валидни податоци при изработка на планската документација **Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција**.
Приложените согласности и позитивни мислења се однесуваат само на планската документација насловена како **Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** прибавени преку постапката за УППГДЗ на е-урбанизам бр. 42473 со Барање на мислење за УППГДЗ од 21.04.2022.

Во продолжение се цитирани дадени податоците и информациите добиени од надлежните институции и јавни претпријатија кои се добиени во повеќе ПИМ постапки почнувајќи од јуни 2019 год, а кои се однесуваат на просторот кој е предмет на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција**. Со сина боја се означени Мислењата односно согласностите.

- **АД Водостопанство на РМ-Скопје – Подружница Јужен Вардар - Гевгелија Бр. 0306-142/1 од 02.12.2019**
  Ве известуваме дека во рамките на проектниот опфат на прикажаната предлог оска постои цевковод од системот за наводнување ХМС Паљурци во општина Богданци, како и цевковод од ХМС Негорци – Прдејци во атарот на село Прдејци и истите треба да бидат земени во предвид во постапката.

  Прилог : Прегледна карта на ХМС Палурци (dwg)
  Прегледна карта ХМС Негорци-Прдејци (dwg)

- Согласно известувањето на АД Водостопанство на РМ-Скопје – Подружница Јужен Вардар - Гевгелија Бр. 0306-142/1 од 02.12.2019, доставено е барање за МИСЛЕЊЕ И СОГЛАСНОСТ ЗА ПРЕМИН НА ГАСОВОДОТ ПОД ВАШАТА ИНФРАСТРУКТУРА со арх. Бр. 0801-426 од 30.12.2020.

- **АД Водостопанство на РСМ-Скопје – Бр. 08-3105/3/20 од 29.04.2021**
  Во врска со вашето барање Ваш бр.0801-426 и наш бр.3105 за проектната задача од инвеститорот Македонски Енергетски Ресурси за избирање најсоодветно решение за трасата на гасоводот од границата на Република Грција до Неготино РСМ, и издавање на согласност за "Премин на гасовод под постоечки водоводни цевки (тепски цртеж)".

  Ве известуваме :
  АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје ја прифаќа приложената документација Премин на гасоводот под нашата инфраструктура за деталот "Премин на гасовод под постоечки водоводни цевки, каде се запазени сите пресечни точки на гасоводот со цевководите од системите за наводнување со кои стопанисуваат подружниците Тиквеш – Кавадарци и Јужен Вардар – Гевгелија.
  Во дигитална форма ги доставуваме трасите за нашите постоечки објекти кои се разминуваат или се во непосредна близина на трасата на гасоводот.

  Напомена:
  При реализација на проектот, изведувачот има обврска повторно да се обрати до АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, за да се лоцираат попрецизно пресечните места на гасоводот со инфраструктурата со која стопанисува во моментот или до моментот на градба ќе има нова инфраструктура.
  При евентуално настанатата штета на цевководите и инфраструктурата, изведувачот има законска обврска да санира и ја доведе инфраструктурата со која стопанисува АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје во функционална состојба, без оглед на применетото техничко решение.

- **АД Водостопанство на РСМ-Скопје – Бр.11-1445/3 од 21.06.2022**
  Во врска со вашето ваш бр. 0801-158 од 1.06.2022 и наш бр. 1445 за издавање на согласност за приложената документација за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македоинија-Грција Ве известуваме АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје **нема забелешки** и ја прифаќа приложената документација за изработкја на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македоинија-Грција.

- **ЈКП "Бошава" ДЕМИР КАПИЈА ЈАВНО ПРЕТПТРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ – Бр. 09-978/2 од 21.11.2019**
  Во прилог ви доставуваме гео-референцирана прегледна карта со нанесена оска на предвидениот гасовод, на која се одбележани сите наши постоечки водоводни и канализациони инсталации, по вид и димензија на цевководите.
  Сакаме да Зви посочиме дека вака проектираната оска на магистралниот гасовод во три точки доага во пресек со изградени водоводни цевководи од водоснабдителни системи кои постојат на територијата на општина Демир Капија.

  Првиот пресек е во делот на гравитациониот цевковод од локалниот водоснабдителен систем за град Демир Капија.

Пресекот е со водоводен цевковод, изграден од HDPE-PN 100-Полиетиленски цевки, со димензија дн 200мм (точката на пресекот е исто така одбележана на гео-референцираната прегледна карта),

Вториот пресек е во делот на потисниот цевковод од локалниот водовод за село Пржде во.
Пресекот е со водоводен цевковод изграден од PVC-KM-Цевки изработени од поливинил-хлорид, со димензија DN 63мм (точката на пресекот е исто така одбележана на гео-референцираната прегледна карта) и

Третиот пресек е во делот на гравитациониот цевковод од локалниот водовод за село Чифлик.

Пресекот е со водоводен цевковод, изграден од PVC-KM-Цевки изработени од поливинил-хлорид, со димензија DN 63мм (точката на пресекот е исто така одбележана на гео-референцираната прегледна карта).

Исто така сакаме да Ве известиме дека во проекниот опфат нема планирао изградба на нови водоводни и канализациони инсталации.

- **ЈКП "Бошава" ДЕМИР КАПИЈА ЈАВНО ПРЕТПТРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ – Бр. 09-358/1 од 21.06.2022**

"Врз основа на вашето барање на мислење со ваш бр. 0801-121 од 21.04.2022 а воврска во барањето ана Министерство за транспорт и врски на РСМ за преработка на Проект за инфраструктура за Интерконективен гасовод Република Северна Македоинија-Грција со наслов Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македоинија-Грција, ве известуваме дека го потврдуваме нашето претходно мислење.
Го разгледавме Вашиот предлог за решавање на ситуациите каде оската на магистралниот гасовод во три точки доаѓа во пресек со и изградени водоводни цевководи и водоснабдителни системи кои постојат на територија на Општина Дем,ир Капија односно вашиот Детал-Премин на гасовод под постоечки водоводни цевки ф63 и ф 200 (типски цртеж) и **СЕ СОГЛАСУВАМЕ** со предложените решенија во истиот.

Навремено, пред почетокот на градежните работи во близина на водоводната и канализационата мрежа, потребно е изведбата на градежноите работи да се координира со давателот на услугите-ЈКП Бошава од Демир Капија, при што неопходните заштитни мерки треба да се утврдат договрно.

Доколку при изградбата на објектот е потребна промена или дислокација на водоводните и канализационите инсталации и постројки, инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за диослокација.

Во случај на настанување на штета на водоводните и канализационите инсталации и постројки, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на давателот на услугите - ЈКП Бошава од Демир Капија.

- **ЈАВНО ПРЕТПТРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ "Комуналец" Гевгелија – Бр. 08-1740/2 од 14.11.2019**
  Ве известуваме дека во планскиот опфат предвиден за изработка на проектна документација : ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција. Со податоците со кои располагаме ве информираме дека постојат водоводни линии кои се одбележани во прилогот доставен од вас.
  ЈПКД "Комуналец" Гевгелија по однос на вашето барање има позитивно мислење.

  Прилог : Ситуација со облежана инфраструктура.

- **ЈАВНО ПРЕТПТРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ "Комуналец" Гевгелија – Бр. 08-925/2 од 23.06.2022**
  Во врска со вашето Барање на мислење бр. 0801-121 заведено во архива на ЈПКД Комуналец Гевгелија со бр. 08-925/1 од 20.06.2022 за преработен проект со наслов **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македоинија-Грција**, ЈПКД Комуналев Гевгелија по однос на вашето барање има **позитивно мислење.**

- **Агенција за цивилно воздухопловство– Бр. 12-8/414 од 02.10.2020**
  Објектот се наоѓа **вон зоните** на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во планскиот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот **може да се планира без посебни ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај;
  Напоменуваме дека доколку во планскиот опфат се планира изградба на:
  - Издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, или
  - Оџаци со височина поголема од 30м, или
  - Други објекти со височина поголема од 100м,

  Потребно е со планот да се задолжи инвеститорот до Агенцијата за цивилно воздухопловство да се достави соодветна проектна документација (Архитектонско урбанистички проект или Основен проект) со барање за издавање на согласност со услови од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став (2) од Законот за воздухопловство.

- **Агенција за цивилно воздухопловство Бр.12-8/370 од 26.04.2022 година**
  Врз основа на вашето барање ве исвестуваме дека стручните служби на Агенцијата за циволно воздухопловство ја разгледаа доставената техничка документација:
  УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА изработен од ЧАКАР-ПАРТНЕРС ДОО Скопје со тех.бр/ 103/2020 од Април 2022 година при што констатирано е дека забелешките дадени од наша страна со допис бр. 12-8/414 од 02.10.2020 година, а кои се однесуваат на безбедноста ма воздушниот сообраќај се запазени/вградени во доставената планска документација.
  Врз основа на горе наведеното издаваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за предметната документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

- **АЕК Република Македонија Агенција за електронски комуникации – Бр. 1404-2676/2 од 20/10/2020**
  Према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог :
Податоци на изградени јавни електронски комуникациски мрежи – во електронска форма

- **АЕК Република Македонија Агенција за електронски комуникации Бр. 1404-1340/2 од 09.05.2022 година**
  Согласно Вашето барање за мислење, а во врска со изработка ма Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, Агенцијата за електронски комуникации **нема забелешки** на доставениот Урбанистички план.

- **ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ – Сектор за оператива и логистика - Подрачно одделение Гевгелија – Бр. 09-170/2 од 01.10.2019**
  Дирекцијата за заштита и спасување Гевгелија **дава позитивно мислење Проект за инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција.**

  НАПОМЕНА: Инвеститорот при поднесување барање во рамките на основниот проект, во проектната документација за изградба на објекти како и за проекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи согласно член 70 став 1 од Законот за заштита и спасување- пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија" бр.93/2012) и согласно Упатството за содржината на Елаборатот (("Службен весник на Република Македонија" бр.139/2010).

- **ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ – Сектор за превенција, планирање и развој – Бр. 09/3-131/2 од 20.05.2019**
  Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција.**
  Воедно Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува мерки за заштита и спасување кои согласно чл.53 од Законот за заштита и спасување (Сл, весник на РСМ, бр. 93/12-пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 105/16, и 83/18), Проценатa на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. Весник на РМ бр.105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција.**
  Во делот МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, да се опфатат следните мерки:

  1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

  При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (пратечки објекти) треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11, 93/12,) Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр.36/04 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштита од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планската Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на основниот проект, со оглед на конфугурацијата на теренот се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па согласно тоа потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички геолошки и хидротехнички испитувања.

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.
Согласно проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСМ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл. весник на РМ број 32/11), како и обврската при изградбата на објекти да се изготвува техничка документација-елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Наведените мерки за заштита и спасување треба да се вградат во изработката на **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција.**
Откако ќе ги разработите и вградите мерките за заштита и спасување во Урбанистичката документација за изработка на **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција да ја доставите до Дирекција за заштита и спасување**, за да добиете мислење за застапеноста на мерките за заштита и спасување.

- **ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - Подрачно одделение за заштита и спасување - Неготино – Бр. 09/3-109/2 од 14.10.2020**

  Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување ниту има постоечки а нема друга планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција** , воедно Дирекцијата за заштита и спасување – пречистен текст (Сл. весник на РСМ, бр.93/12), Проценатa на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. весник на РСМ, бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција**

  Да се опфатат следните мерки :

  1. ***ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ***

     При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11, 93/12,) Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр.36/04 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

     Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

  2. ***ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ***

     Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

     Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

     Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

  3. ***ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ***

     При изработка на Урбанистичката Планската Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

  4. ***ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО***

     При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфугурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.
Согласно проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСМ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл. весник на РМ број 32/11), како и обврската при изградбата на објекти да се изготвува техничка документација-елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција или *Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација за изработка на* ***ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција*** *да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување, за да се добиете мислење за застапеноста на мерките за заштита и спасување.*

- **ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - Подрачно одделение Неготино – Бр. 09/3-42/2 од 5.05.2022**

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12 – речистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/15) Дирекцијата за заштита и спасување - Одделение за издавање на урбанистичка согласност при Секторот за превенција, планирање и развој во Дирекција за заштита и спасување Подрачно Одделение Неготино Ви го
доставува следново
М И С Л Е Њ Е
за застапеноста на мерките за заштита и спасување во УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА
Дирекцијата за заштита и спасување од извршениот увид на поднесената проектна документација,констатира дека мерките за заштита и спасување во документацијата во УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА се соодветно вградени ,врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување дава **позитивно мислење.**

- **ЕСМ АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА – Бр. 08-3684/2 од 02.10.2019**

Ве известуваме дека во близина на Вашиот планиран Проект за Инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција се наоѓа еден од проектите од развојните планови на АД ЕСМ, проектот "Парк на Ветерни Електрани Миравци". На картите во прилог е означен планираниот опфат на проектот, но границите на точниот опфат ќе бидат дефинирани во наредната фаза на проектирање.

- **ЕСМ АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА – Бр.08-3373/1 од 3.06.2022**

  "Согласно вашиот допис број 0801-159 од 1.6.2022 во кој не известувате дека на барање на Министерство за транспорт и врски Проектот за инфраструктура за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, а во кој трасата на гасоводот и опфатот за кој претходно се издадени попдатоци информации и мислења останува непроменета, Ве известуваме дека ги потврдуваме сите податоци информации и мислења издадени од АД ЕСМ Скопје, односно потврдуваме дека истите остануваат непроменети и се однесуваат и на преработениот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција."

- **ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје**
  Друштво за дистрибуција на електрична енергија – Бр. 10-2766/2 од 27.06.2019

  Ви издаваме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје за Проект за инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци :

  Во дадениот опфат/локација имаме:
  Високонапонска трансформаторска станица
  Среднонапонска трансформаторска станица

  Високонапонски кабелски вод
  Среднонапонски кабелски вод
  Нисконапонски кабелски вод

  Високонапонски надземен вод
  Среднонапонски надземен вод
  Нисконапонски надземен вод

  При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

- **ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје**
  Друштво за дистрибуција на електрична енергија – Бр. 10-1671/4-179 од 14.10.2020

  Во врска со Вашиот допис број 0801-293 од 30.09.2020 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје за Проект за инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци :

  110kV Надземна мрежа
  35kV Подземна мрежа
  35kV Надземна мрежа

10(20)/0.4kV Трафостаница
10(20)kV Подземна мрежа
10(20)kV Надземна мрежа

0.4kV Подземна мрежа
0.4kV Надземна мрежа

Друго – Има планирана НН, СН и ВН мрежа

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Потврдата е од ограничено времетраеење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

- **ЕЛЕКТРОДИСТИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје Друштво за дистрибуција на електрична енергија Бр. 10-26/3-174 од 11.05.2022 година**

  Во врска со вашиот допис број 0801-121 од 21.04.2022 година, со кој барате да дадеме мислење за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА, ве известуваме дека немаме забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме ПОЗИТИВНО мислење. Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетските објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми. Задолжително за се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.
  Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетскитеобјекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

- **ГАМА (нема број)**
  На предвидениот плански опфат нема траса на планиран и изведен гасовод.

- **НАЦИОНАЛНИ ШУМИ Бр. 15-29/239 од 19.12.2019**
  Ве исвестуваме дека ЈП "Национални шуми" – Скопје на посочениот проект нема инфраструктурни објекти , освен шуми и шумско земјиште со кое стопанисува.

- **НАЦИОНАЛНИ ШУМИ Бр. 15-29/208 од 24.06.2022 (е-урбанизам врска постапка бр. 44132)**
  Врз основа на вашето барање за податоци информации за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, Ве известуваме доколку објектот е планиран да се гради во шума и шумско земјиште согласно Законот за шуми за изградба на објекти во шума и шумско земјиште должни сте да започнете постапка за трајна пренамена на шума и шумско земјиште согласно горенаведениот закон преку надлежното министерство.

- **Јавно претпријатие за државни патишта Бр. 10-6884/2 од 01.07.2019**
  Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-6884/1 од 25.06.2019:
  Прегледна карта со предлог оска.
  Од разгледаниот прилог констатирано е за да може да се произнесеме по Вашето барање, покрај проегледната карта до Јавното претпријатие за државни патишта да доставите и ажурирана геодетска подлога со означени граници на трасата на гасоводот.

- **Јавно претпријатие за државни патишта Бр. 10-10360/2 од 14.10.2020**
  Врз основа на Вашето Барање број 0801-293 од 30.09.2020 год. за добивање за податоци и информации за постојни инфраструктурни водови и градби потребни за изработка на Проект за инфраструктура за интерконективен гасоводо Северна Македонија – Грција, Ве известуваме :
  Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-10360/1 од 05.10.2020:
  Геодетска подлога со нанесена оска на магистрален гасовод и проектен опфат.
  Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека не може конкретно да се произнесеме по однос на бараните податоци и информации. Имено за да се произнесеме по барањето потребно е до Јавното претпријатие за државни патишта да доставите ажурирана геодетска подлога со катастарски парцели, како и прегледна карта, како би се утврдила положбата на гасоводот во однос на државните патишта.

- **Јавно претпријатие за државни патишта Бр. 10-9346/2 од 14.9.2020**

  Врз основа на вашето Барање бр. 0801-258 од 1.09.2020 за добивање мислење по Проект за инфраструктура за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција Ве известуваме:
  Стручната служба при ЈПДП ги разгледа пристигнатите прилози заверени со евиденциски број на ЈПДП 10-9346/1 од 9.9.2020.
  Прегледни карти за премини на гасоводот под државните патишта.
  Согласно чл. 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14) ЈПДП не е надлежно да дава мислење. Истото е надлежно за давање податоци и информации за предметниот Проект за инфраструктура.

Воедно ве известуваме дека до ЈПДП потребно е да доставите барање за добивање Одобрување за подземни премини на гасоводот под државните патишта. Условите за подземните премини на гасоводот ќе бидат дефинирани во Одобрувањето.

- **Јавно претпријатие за државни патишта Бр. 10-4262/2 од 10.05.2022 година**

  Врз основа на Вашето Барање број 0801-121 од 21.04.2022 година, за добивање мислење за работна верзија на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, ве известуваме:

  Стручната служба при јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-4262/1 од 27.04.2022 година:
  - Работна верзија на проектот (pdf формат)
  - Синтезен план и
  - ПИМ од Институции и субјекти кои имаат линиски инфраструктури

  Врз основа на доставените и разгледани прилози констатирано е дека Јавното претпријатие за државни патишта не може конкретно да се произнесе по однос на Вашето барање, бидејќи не е постапено по насоките дадени во податоци информации,

- **Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост Бр. 03- 3368/2 од 03.07.2019**

  МЕР АД Скопје, ВЕ известува дека на наведениот проектен опфат нема изградено гасоводна мрежа.

- **Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост Бр. 15-1634/2 од 6.5.2022.**

  Согласно вашето Барање на мислење за одобрување **на** Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, НЕР АД Скопје Ве известува дека дава **позитивно мислење**

- **МЕПСО Бр. 11-2851/1 од 20.05.2019**

  Ве известуваме дека предметниот плански опфат **Се пресекува** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа:

  1. Постојни 110 kV ДВ –и
  2. Постојни 400 kV ДВ-и

  Во прилог ви доставуваме подлога во dwg формат прилепен на системот е-урбанизам

  Напомена: Податоците се од информативен карактер и затоа при реализација на предметната активност потребно е да се направи детална геодетска снимка на планскиот опфат со приказ на постојна состојба на земјиштето, катастарските парцели, градби и податоци за подземни, надземни и воздушни инсталации како и

нивелациони коти на теренот, на ажурирана геодетска подлога, согласно 5 алинеа 17 и член 70 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016, 90/2017, 64/2018, 168/2018). При тоа треба да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ бр.96/2018).
Во случај на потреба од евентуална дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објекти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на Ваш терет и сметка.

- **МЕПСО Бр. 11-6248/1 од 06.10.2020**
  Врз основа на Вашето барање бр. 0801-293 од 30.09.2020 година (наш број 11-6248 од 05.10.2020 година) за податоци и информации потребни за изработка на Проект за инфраструктура за интерконективен гасоводо Северна Македонија – Грција, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **Се пресекува** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа:

  1. Пресек со постојни 110kV далекуводи на АД МЕПСО
  2. Пресек со постојни 400kV далекуводи на АД МЕПСО

  Во прилог Ви доставуваме подлога во dwg прикачен на системот е-урбанизам.

  Напомена: Податоците се од информативен карактер и затоа при реализација на предметната активност потребно е да се направи детална геодетска снимка на планскиот опфат со приказ на постојна состојба на земјиштето, катастарските парцели, градби и податоци за подземни, надземни и воздушни инсталации како и нивелациони коти на теренот, на ажурирана геодетска подлога, согласно член 2 точка 1 и член 43 од Законот за
  просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/2020). При тоа треба да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ бр.96/2018).
  Во случај на потреба од евентуална дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објекти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на Ваш товар и сметка.
  Доколку при реализација на планираните градежни работи настане штета врз електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО-Скопје.

- **Согласно известувањето на МЕПСО Бр. 11-6248/1 од 06.10.2020, доставено е барање на МИСЛЕЊЕ И СОГЛАСНОСТ за премин na гасовод под вашата инфраструктура согласно доставениот детал – Премин на гасовод со постоечки далекуводи на МЕПСО – типски цртеж, со арх. Бр. 0801-428 од 30.12.2020.**

- **МЕПСО Бр. 10-27/1 од 13.01.2021**
  Врз основа на Вашето барање за мислење за ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција, Ве известуваме дека согласно нашиот допис 11-6248/1 од 06.10.2020 год. АД МЕПСО дава забелешка по конкретниот доставен типски цртеж и тоа :

Да се скицираат столбните места и да се прикажат котите на постоечките столбни места со цел да се увиди хоризонталното растојание од столбовите до планираниот гасовод.
Да се измери и да се претстави графички пресек на фактичката состојба од земјиштето кота тлото до најблискиот проводник.
Во текстуалниот дел од проектот да се цитира Законот за Енергетика (Сл. Весник на РМ бр.96 од 28.05.2018 год.)
Во текстуалниот дел од проекто да се цитира Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1Kv до 400Kv (Сл. Весник на РМ бр.25/2019 од 01.02.2019).
По корекција на типскиот цртеж и планската документација да се достави до АД МЕПСО се со цел да се произнесеме со соодветно мислење.
Покрај наведените забелешки воедно Ве информираме дека потребно е пред почеток на градба со гасоводот за сите пресеци со постоечките далекуводи, до АД МЕПСО да се достави Елаборат за Електромагнетно влијание, изработен од правно лице со лиценца А за проектирање на градби од прва категорија.

- **МЕПСО Бр. 10-2871/1 од 30.05.2022**
  Во врска со Вашето Барање за мислење за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, Ве известуваме дека согласно приложената документација во постапка со број 42967 на е-урбанизам, каде може да се увиди дека е изработен Елаборат за електромагнетно влијание именуван како Книга 18. изработен и потпишан Владе Гроздановски дипл. Ел. инж. Каде согласно приложениот заклучок:

заклучок "Индуктивното влијание во номинален погон на работа на електроенергетскиот систем се во рамки на дозволените и законски пропишани норми. Во режим на куса врска пресметаните вредности на индуктивните влијанија од 400 kV далеководи се во рамки на дозволените и законски пропишани норми (>1000 V). За неутрализирање на потенцијалните индуктивните влијанија потребно е да се постават пренапонски елементи за заземјување на цевката. Во прилог доставуваме табеларен преглед на предложени позиции за катодна заштита. Со проектот за катодна заштита потребно е детално да се разработи, дефинира и соодветно димензионира предложената катодна заштита дадена во прилог." ПОЗИЦИИ НА ПРЕНАПОНСКА ЗАШТИТА:

Бр.	Стационажа	Пренапонски елемент	Опис
1,	5+050	PNZ-35	Паралелно водење со 400 kV ДВ
2,	6+030	PNZ-35	Пресек со 110 kV ДВ Престанок на паралелно водење со 400 kV ДВ
3,	9+780	PNZ-35	Пресек со 110 kV ДВ
4,	10+450	PNZ-35	Пресек со 110 kV ДВ
5,	13+530	PNZ-35	Пресек со 110 kV ДВ
6,	30+000	PNZ-35	Пресек со 400 kV ДВ
7,	37+700	PNZ-35	Паралелно водење со 400 kV ДВ
8,	38+550	PNZ-35	Паралелно водење со 400 kV ДВ
9,	39+200	PNZ-35	Престанок на паралелно водење со 400 kV ДВ
10,	48+300	PNZ-35	Пресек со 400 kV ДВ
11,	55+500	PNZ-35	Паралелно водење со 400 kV ДВ
12,	56+600	PNZ-35	Паралелно водење со 400 kV ДВ
13,	57+350	PNZ-35	Паралелно водење со 400 kV ДВ
14,	38+380	PNZ-35	Престанок на паралелно водење со 400 kV ДВ
15,	63+600	PNZ-35	Пресек со 110 kV ДВ
16,	64+530	PNZ-35	Пресек со 400 kV ДВ

Согласно наведениот заклучок во приложената документација АД МЕПСО дава позитивно мислење за надеведата планска документација, со констатација по разработка и изготвување на Проектот за катодна заштита за наведените пресеци во заклучокот истиот да се достави официјално до АД МЕПСО се со цел негово одобрување.

Напомена: Инвеститорот/Изведувачот се должни да ги испочитуваат минималните безбедносни растојанија на постоечките електро-енергетски објекти вцртани во планската документација како и да го испочитуваат чл.203 став1 од Законот за енергетика (Сл.Весник на РМ бр.96 од 28.05.2018), Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1кВ до 400кВ (Сл.Весник на РМ бр. 25/2019 од 1.02.2019), како и Мрежни правила за пренос на електрична енергија (Сл.Весник на РСМ бр.4 од 10.01.2022).
Во случај на непочитување на погоренаведеното како и во случај на предизвикување на било каква штета по животната средина, имотот и луѓето, АД МЕПСО нема да сноси никаква одговорност, а во случај на настанување на било каква штета на електроенергетските објекти инвеститорот/изведувачот/општината се должни да ја надоместат штетата на АД МЕПСО.

- **Министерство за економија Бр. 24-3555/2 од 30.07.2019**

  Ве известуваме за следново:
  Министерството за економија согласно Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19) е надлежно за спроведување на постапките за доделување на концесии за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, како и катастар на иницијативи, барања и доделени концесии за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.
  По прегледот на георефереенцираниот линиски објект (траса на гасовод) доставен од Ваша страна, во ГИС системот на Министерството за економија е констатиран преклоп навлегување на линискиот објект кој само една доделена концесија за експлоатација на минерална суровина. Навлегување на трасата од проектираниот гасовод има на мал кај концесијата за експлоатација на минерална суровина-дијабаз на локалитетот Лира с. Негорци општина Гевгелија, концесионер Друштво за производство трговија и услуги ИНВИКТА ДООЕЛ Скопје. Во прилог ви доставуваме преглед, топогрфска карта со точни координати на доделена концесија за експлоатација.

- **Министерство за економија Бр. 24-3008/2 od 24.06.2022**

  Во врска со вашето барање на мислење бр. 0801-106 од 1.06.2022, а кое се однесува на местоположбата на трасата за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, ве известуваме за следното:
  По првичниот увид на доставената прегледна карта на линиски објект траса на интерконективен гасовод кој поминува во непостедна близина на доделената концецсија за експлоатација на минерална суровина дијабаз на локалитетот Лира с. Негорци Општина Гевгелија, беше констатирано дека трасата зафаќа м,ал дел од доделената концесија за експлоатација.
  При повторно ваше барање е констатирано дека е извршено поместување на трасата на гасоводот и истата не навлегува во границите на доделена концесија.

Имајќи го во превдид нанапред наведеното немаме забелешки во однос на коригираниот линиски објект интерконективен гасовод.

- **Министерство за одбрана Бр. 19/1-11/258 од 22.08.2019**
  ПОТВРДА
  На трасата вцртана во ситуација, а во врска со изработка на проектна документација: Проект за инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција, Ве известуваме дека Министерството за одбрана не располага со докумнетација дека на наведените реони постојат кабелски инсталации кои се во надлежност на Министерството за одбрана.

- **Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство - Секторот за регистрирање, управување и продажба на земјоделско земјиште Бр. 40-7277/2 од 23.07.2019**
  Ве известуваме дека врз основа на доставената документација, Секторот за регистрирање, управување и продажба на земјоделско земјиште при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не може да даде податоци и информации.

  За да може да одговориме на вашето барање на податоци и информации, потребно е истото да го дополните со следната документација:
  Список на индикации за катастарските парцели кои влегуваат во планираниот опфат.

  - **Согласно известувањето на Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство Бр. 40-2350/2 од 19.02.2020 доставено е дополнето барање со список на идникации со бр. 0801-118 од 16.04.2020 и бр. 0801-162 од 1.06.2022.**

- **Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство Бр. 47-2544/2 од 22.02.2021 - Сектор за шумарство и ловство**
  По однос на вашето барање на мислење на Проектот за инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве известува дека нема забелешки освен во делот каде што трасата поминува низ вештачко пошумената површина од бор во оддел 5/6 од шумскостопанската единица Карабалија – ПШС Гевгелија (во близина на населено место Стојаково).
  Во прилог на овој допис ви испраќаме преклопена карта на трасата на интерконективниот гасовод и границите на шумскостопанската единица во делот каде што трасата поминува низ вештачко пошумена површина.
  Прилог: Како во текстот;

- **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА –Сектор природа -Бр. 11-3888/4 од 16.09.2019**
  Согласно студијата за заштита на природното наследство изготвена за потребите на Просторниот план на РМ ("Сл.Весник на РМ" бр. 39/04), констатирано дека предметниот плански опфат поминува преку предложеното подрачје за заштита "Студена Глава" – подрачје предложено за иден Научно истражувачки природен резерват. Исто така, согласно Предлог Репрезентативната мрежа на заштитени подрачја, изработена во рамки на Проектот "Развој на репрезентативна мрежа на заштитени подрачја", констатирано дека предметниот опфат поминува и преку подрачјето "Копришница", значајно за зачувување и управување со одредени

видови. Имено, за овие подрачја не се предлага нивно прогласување во некоја од шесте категории за заштита, туку соодветни мерки за заштита на видовите треба да се вклучат во релевантните просторно плански докумнети или секторски стратегии за искористување на земјиштето.

- Согласно дописот од **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА–Сектор природа Бр. 11-3888/4 од 16.09.2019 доставено е барање на мислење со бр. 0801-222 од 21.4.2022 (е-урбанизам постапка бр. 42473 од 21.4.2022)**

➢ **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – СЕКТОР ЗА ВОДИ Бр. 11-3887/6 од 31.12.2019**

Ве известуваме дека предметниот плански опфат поминува преку повеќе постојани и повремени површински водотеци и преку предвидената акумулација "Гевгелија", согласно Водостопанската основа од Просторниот План на Р.Македонија, па согласно Законот за води (Службен весник на Република македонија бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/2016) при изработка на проектната документација треба да бидат исполнети следните критериуми од аспект на заштита на водите:

1. *Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.*

2. *Местоположбата на постројките и објектите треба да биде надвор од крајбрежниот појас на езерата/акумулациите во широчина од 50 метри од линијата на највисокиот утврден водостој заради спречување на нарушување на крајбрежното земјиште на езерата и акумулациите.*

3. *Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци,езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:*

   Да се менува правецот на водотекот;

   Да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;

   Да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;

   Да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;

Да се вади чакал, песок и камен од корита од корита и бреговите на површинските водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користење на водите;

Да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;

Да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;

Да се вршат други активности со ки се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

4. *Заради заштита и спречување од оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.*

5. *Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и други активности активности да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.*

6. *Објектите и постројките кои во процесот на производство, преработка, полнење и складирање користат или применуваат опасни материи и супстанции, вклучувајки и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции се градат, поставуваат, работат и одржуваат во согласност со најдобри достапни техники прилагодени на научно –техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите.*

7. *Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.*

8. *Во случај на емисија што би можела да влезе директно или индиректно во површински води, подземни или канализационене систем, правното лице одговорно за работењето на постројката мора веднаш да го информира Министерството за животна средина и просторно планирање, како и да ги преземе сите пропишани мерки за спречување и намалување на негативните последици по животната средина.*

Исто така, бидејќи е утврдено дека проектниот опфат на предметниот гасовод поминува во третата заштнитна зона согласно Елаборатите за определување на заштитни зони околу изворишта за водоснабдување на с.Негорци, с.Прдејци и с.Смоквица, општина Гевгелија, потребно е да се внимава при изградбата поставувањето на гасоводот да не се испуштаат опасни и штетни хемиски супстанции и материи на почвата, кои би можеле да доведат до загадување на почвата, површинските и подземните води, односно е потребно да се земе во предвид и мислењето од правниот субјект кој управува со извориштето

Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконснтрукција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај

површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта , а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

Во однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и ситемите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е А.Д. Водостопанство на Република Северна Македонија.

Воедно Ве информираме дека опфатот на овој магистрален гасовод поминува и преку предложените подрачја за заштита "Копришница" и "Студена Глава" поради кое е потребно да се земе во предвид и мислењето од Управата за животна средина – Сектор природа при Министерството за животна средина и просторно планирање.

- **Согласно известувањето на Агенција за просторно планирање на барањето за услови за планирање за Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.10 за интерконективен гасовод Република Северна Македонија - Грција со кое известуваат дека планскиот опфат има конфликт со веќе издадени услови за планирање на просторот за УПВНМ Експлоатациони бунари општина Богданци, Се обративме до Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – СЕКТОР ЗА ВОДИ** со Барање на планска документација за УПВНМ Експлоатациони бунари општина Богданци со Бр. 0801-418 од 23.09.2021

- **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – СЕКТОР ЗА ВОДИ Бр. 11-4670/2 од 18.10.2021**
  Предмет : Известување
  Во врска со Вашето барање да Ви доставиме планска документација за УПВНМ Експлоатациони бунари општина Богданци, потребна во постапката за изготвување на Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.10 за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција**,** Ве известуваме дека Министерството за животна средина и просторно планирање располага со Архитектонско урбанистички проект за експлоатациони бунари во општина Богданци со тех. Бр.ФА7909 од октомври 2009 година, изработен од Агенцијатаа за планирање на просторот, за што во прилог Ви доставуваме DWG фајл во електронска форма, кој претставува составен дел на проектната документација.
  Од причина што планскиот опфат поминува во близина на експлоатационите бунари потребно е да се имаат во предвид критериумите од аспект на заштита на водите во согласност со Законот за водите (Сл. Весник на Република Македонија бр.87/08, 06/09, 161/09, 8310/, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) наведени во известување со архивски број 11-3887/6 од 31.12.2019 година издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

- **Согласно известувањето Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – СЕКТОР ЗА ВОДИ Бр. 11-4670/2 од 18.10.2021**
  За Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.10 за интерконективен гасовод Република Северна Македонија - Грција со кое не известуваат дека располагаат со планската докуемнтација Архитектонско урбанистички проект за експлоатациони бунари во општина Богданци со тех. Бр. ФА7909 од октомври 2009 та год, затоа повторно Се обративме до Министерство за животна средина и

просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – СЕКТОР ЗА ВОДИ со Барање на мислење и согласност за Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.10 за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција согласно приложениот збирен графички прилог односно преклоп, допис бр. 0801-464 од 21.10.2021 год.

- **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – СЕКТОР ЗА ВОДИ Бр. 11-4670/4 од 12.11.2021**

Во врска со Вашето барање да Ви доставиме мислење за Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.10 за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција**,** Книга 2 од октомври 2020 година, во согласност со одредбите од Законот за водите (Сл. Весника на Република Македонија бр. (Сл. Весник на Република Македонија бр.87/08, 06/09, 161/09, 8310/, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), Управата за животната средина и просторно планирање дава позитивно :

МИСЛЕЊЕ

По извршениот увид во доставената Урбанистичко проектна документација за инфраструктура со намена Е1.10 за интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција, Книга 2 од октомври 2020 година изработената од ДИК-ЧАКАР И ПАРТНЕРС ДОО Скопје, утврдено е дека во претходна постапка Министерството за животната средина и просторно планирање има дадено Позитивно мислење со бр. 11-1121/2 од 05.03.2021 година во однос на урбанистичкиот проект за инфраструктура. Од причини што во претходно изработената проектна документација не биле опфатени експлоатационите бунари во општина Богданци, разработени со Архитектонско урбанистички проект за експлоатациони бунари во општина Богданци со тех.бр. ФА7909 од октомври 2009 година, изработен од Агенцијата за планирање на просторот, чиј плански опфат поминува во близина на експлоатационите бнари, доставено е повторно барање на мислење со дополнет Урбанистички проект за инфраструктура со збирен графички прилог со нанесени плански и проектни решенија од донесени урбанистички планови, урбанистичко плански документации и одобрени урбанистички проекти, проекти за инфраструктура и слично, релевантни за проектното решение, при што е утврдено дека проектниот опфат на планираниот гасовод на Урбанистичкиот проект за инфраструктура со намена Е1.10 за интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција не поминуваат преку градежната линија и заштитниот појас на експлоатационите бунари во општина Богданци.

Од тие причини согласно Законот за води, Министерството за животната средина и просторното планирање преку Управата за животната средина – Сектор за води одлучи како во диспозитивот.

- **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА – СЕКТОР ЗА ВОДИ- Бр. 11-4857/2 од 24.06.2022**

Во врска со вашето барање на мислење по однос на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, Секторот за води во Управата за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање го дава следново мислење:

Од увидот во доставениот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција со тех.бр. 103/2020 од април 2022 изработен од ДИК Чакар Партнерс Доо Скопје,

утврдено е дека во рамките на истиот се вградени водостопанските услови кои се претходно дадени од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање со арх. бр. 11-3887/6 од 31.12.2019. Останува обврската на Инвеститорот да обезбеди водостопанска согласност за изградба на објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти каоишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта а кои можат да влијаат врз режимот на водите.
Со оглед на тоа што Министерство за животна средина и просторно планирање има дадено позитивно мислење со арх.бр. 11-1121/2 од 5.03.2021 за трасата во Проектот за инфраструктура за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, под услов да нема промени во трасата и опфатот на гасоводната линија во Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, се одлучува како во диспозитивот и се дава **позитивно мислење.**

- **Министерство за животна средина и просторно планирање – УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА Бр. 11-3892/2 од 30.07.2019**
  Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање ве известува дека пред започнување со било какви активности инвеститорот е должен да постапи согласно Законот за животна средина („Службен весник на РМ", број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16) односно Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 74/2005, 109/2009, 164/2012 и 202/2016), Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје (Службент весник на Република Македонија бр.80/2009 и 36/2012) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје (Службен весник на Република Македонија бр.32/2012).

- **Македонски Телеком АД-Скопје од 24.06.2019**
  Ве информираме дека на предметното подрачје има постојни инсталации во сопственост на Македонски Телеком АД Скопје (МКТ) кои се нанесени на графичкиот прилог.
  Проектот да се дополни со Техничко решение за дислокација на постојната МКТ инфраструктура за делот кој е во колизија со планираниот гасовод.

- **Македонски Телеком АД-Скопје Бр. 31927од 01.11.2020**
  Почитувани
  Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за Изработка на ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод С.Македонија-Грција, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојни подземни ТК инсталации во сопственост на Македонски Телеком АД Скопје (МКТ) кои се аплицирани на графичкиот прилог.
  Ова известување важи 6 (шест) месеци од денот на издавањето.

- **Согласно дописот на Македонски Телеком АД-Скопје Бр. 31927од 01.11.2020 со кој не известуваат дека во границите на планскиот опфат имаат постојни подземни ТК инсталации во сопственост на Македонски Телеком АД Скопје (МКТ), затоа се обративме повторно со Барање на мислење за премин на гасоводот под вашата инфраструктура со допис бр. 0801-425 од 19.11.2020 год.**

- **Македонски Телеком АД-Скопје Бр. 32638 од 06.12.2020**
  Согласно Вашето Барање, добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за Мислење за ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција, Ви доставуваме позитивно мислење.
  Стручните служби на Македонски Телеком АД Скопје го разгледаа деталот заа начинот на разминување на гасоводот со сопствената подземена инфраструктура и сметаат дека начинот на решавање на заштитата е соодветна. Сепак, заради големиот број на колизии на трасата, сакаме да забележиме дека пред да се започне со реализација на гасовдот, Инвеститорот е потребно, преку нашата служба за продажба, да склучи Договор за начинот на решавање (технички и инвестициски) за сите локации на колизија на трасите.

- **Македонски Телеком АД-Скопје е-урбанизам постапка Бр. 42473 од 2.05.2022**
  Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА, Ви доставуваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.**

- **Македонски Железници инфраструктура Бр. 2001-2827/1 од 28.06.2019**
  По разгледувањето на Вашето барање и доставената Прегледна карта со предлог оска, констатиравме дека предложената траса на гасоводот се пресекува со железничката пруга Велес-Гевгелија на км 606+700 каде што постојат кабелески инсталации, сопственост на ЈП МЖ Инфраструктура, на растојание од 10m лево и десно од осовината на пругата.
  За понатаможната реализација на проектот, односно за изработка на ОСновен проект потребно е да се добијат Услови за изработка на техничка документација издадени од ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје.

- **Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје Бр. 2001-4393/2 од 17.11.2020**
  По разгледувањето на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат на предлог трасата за гасоводот, доаѓа до вкрстување со железничката пруга Велес – Гевгелија на км 606+851 на предметното подрачје постојат кабелски инсталации сопственост на ЈПЖ РСМ – Скопје (бакарни кабли) десно од пругата вкопани во земја на растојание до 5-6 метри од осовината на колосекот. Во понатамошната постапка за изработка на Основен проект потребно е да побарате од ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје Услови за изработка на техничка документација за вкрстување со железничката пруга.

- **Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје Бр. 2001-1964/2 од 6.05.2022**

  Во врска со вашето Барање со бр. 0801-121 од 21.04.2022 и број на постапка 1054/42473 од е-урбанизам со коа барате мислење за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА, ЈП за Железничка Инфраструктура, Железници на РСМакедонија Скопје Ви го дава следново мислење:

  По разгледување на вашето барање и приложениот опфат, констатираме дека доаѓа до вкрстување со жел. Пруга Велес-Гевгелија на стационбажа км 606+860.

  При реализација на горенаведениот опфат ве информираме дека треба да се почитуваат одредбите од Законот за железнички систем (Сл.Весник на РМ бр. 48/10 и неговите измени и дополнувања) и Законот за сигурност во железничкиот систем (Сл.Весник на РМ бр. 48/10 и неговите измени и дополнувања) во однос на заштитното растојание на објекти од железничка пруга.

  Во понатамошната постапка за изработка на Основниот проект потребно е да побарате од ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје Услови за изработка на техничка документација за вкрстување со железничка пруга Велес-гевгелија за што е потребно да склучите договор со ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје.

- **Министерство за внатрешни работи – Оддел за инфрорматика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации Бр. 11.2.54081/2 од 10.07.2019**

  Ве известуваме дека на посочената локација (гасовод Северна Македонија – Грција) постојат наши инсталации.

  Задолжителен контакт за дефинирање на предложената траса.

  Лице за контакт : Оливер Табаковски 070 33 66 66

- **Министерство за внатрешни работи – Оддел за инфрорматика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации Бр. 11.2.67319/2 од 1.07.2022**

  Врз основ на вашиот претходен допис (интерконективен гасовод Република Северна Македонија –Република Грција) и усогласување на трасата на гасовод со нашите постојни телекомуникациски инсталации ви даваме согласност за предвидената траса.

  Во фаза на изведба на кај посочените локации на разминување на гасоводот со постоечки со нашите постоечки телекомуникациски инсталации, бараме да бидеме претходно известени.

- **НЕОТЕЛ Бр. 03 33816 од 16.07.2019**

  Бидејќи во посочениот опфат Неотел Дооо има постоечка инфраструктура, ве молиме пред почетокот на градежните активности да бидеме известени за истите, за да се направи увид на лице место и да се дефинира дали ќе биде потребна дислокација на нашата инфраструктура и дали ќе треба да се превземат активности за заштита на истата.

- **НЕОТЕЛ ДОО Скопје Бр.0302-690/2 од 5.07.2022**

  Во однос на вашето барање со бр. 0801-163 од 1.06.2022 за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, Неотел дава позитивно мислење за наведеното барање.

Бидејќи во посочениот опфат Неотел ДОО има постоечка инфраструктура, ве молиме пред почетокот на градежните активности да бидеме известени за истите, за ако е потребно да се превземат активности за заштита на нашата инфраструктура.

- **ОКТА АД - Скопје Бр. 13/1-2679/19 од 16.07.2019**
  Ве известуваме дека на предметниот простор немаме наши постоечки или предвидени инсталации.
  Воедно, Ве известуваме дека поради можноста предвиденото решение да се вкрстува со нафтоводот Солун-Скопје, Вашиот допис ќе го доставиме до Вардакс С.А., компанија која стопанусива со нафтоводот.

- **Оне.Вип ДООЕЛ Скопје - Скопје Бр. 11-4349 од 19.07.2019**
  Ве известуваме дека на предметното подрачје имаме постојни подземни инсталации. Во прилог ви ги доставуваме постојните подземни инсталации во електронска форма на ЦД.
  *Податоците се информативни и не се измерени со геодетска точност.

- **Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје Бр. 11-2891/1 од 27.04.2022 (поранешно Оне.Вип ДООЕЛ Скопје)**

  Во врска со Вашето барање за доставување на мислења од општини/институции поднесено преку системот Е-урбанизам со број на постапка 42473 креирано на 13.04.2022. година и наслов „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА" доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека издаваме **позитивно мислење**.

- **Општина Богданци Бр. 11-1173/2 од 16.07.19**
  Во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци.

  Општина Богданци
  Број: 11-902/5
  Од 18.08.2016 год.

  ПОТВРДА
  За заверка на Планска програма

  Планска програма за изработка на Урбанистички план за с.Стојаково, КО Стојаково Општина Богданци број 11-902/2 од 07.07.2016г. изработена од Комисијата за урбанизам при општина Богданци, одобрена со Решение број 11-902/4 од 07.07.2016г. од градоначалник на општина Богданци.
  Планската програма е доставена преку информацискиот систем е-урбанизам кон барањето за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички план за с.Стојаково,КО Стојаково, Општина Богданци бр.11-902/1, од 27.05.2016, активно во системот од 06.07.2016 12:12:06.

  ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛО СЕЛЕМЛИ ОД БУНДАРСКО ПОДРАЧЈЕ ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ.

- **Општина Богданци Бр. 11-902/5 од 18.08.19**

Во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци.
Урбанистички план за С.Стојаково, КО Стојаково Општина Богданци.
Проект за инфраструктура за систем за водоснабдување на село селемли од бундарско подрачје во општина Богданци.

- **Општина Богданци Бр. 11-1526/2 од 09.11.2020**

  До општина Богданци е доставено Барање на податоци и информации за постапка бр.31927 од 02.10.2020г., преку информацискиот систем е-урбанизам.мк за Проект за инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција.
  Ве известуваме дека во дел од предвидениот опфат, Општина Богданци е во фаза на одобрување на Проект за инфраструктура за систем за водоснабдување на село Селемли од бунарско подрачје во општина Богданци постапка број 22262 од 14.06.2019г., преку информацискиот систем е-урбанизам.мк.
  Во близина на опфатот на Проект за инфраструктура за интерконективен гасовод, општината е во постапка на донесување на Урбанистички план за село Стојаково постапка бр. 8825 од 03.02.2017г., преку информацискиот систем е-урбанизам.мк.
  Во дел од предвидениот опфат, ЈПКД Комуналец Гевгелија има водоводни инсталации за вода за пиење кои водат од резервоар Стојаково до населеното место Стојаково.
  Општината издадае одобрение за поставување на оптички кабел на ДТ Пет нет ДОО Гевгелија кој би го вкрстувал опфатот на КП 8057 КО Стојаково

  Во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци за кои е надлежна Општината со забелешка : Да го обезбедите начинот на кој ќе се вркстува гасоводот со ситемот за водоснабдување од бунарското подрачје во општината до резервоарот за вода на Стојаково со што ќе го планирате на кота пониско од 60см од цевоводот за вода за пиење, да го обезбедите истото со бетонско плато помеѓу цевките и да го доставите делот до општината.

- **Општина Богданци Бр. 11-261/5 од 03.09.2020**

  При повторен увид во трасата на Проектот за инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција се утврди дека дел од предложениот опфат навлегува во опфатот на Урбанистички план вон населено место за изградба на откупно-дистрибутивни центри за свежо овошје и зеленчук, прозиводство и дистрибуција на КП 6608/16 и делови од КП 6608/15, 6608/14, 6608/12, 6610, 6611, 6624, 6634 и 2982 во м.в. Горни Чаир, КО Богданци донесен со Одлука од Совет на општина Богданци бр.07-1244/2 од 06.06.2012г. чиј синтезен план Ви го доставуваме.
  Исто така предложениот опфат минува меѓу катастарските парцели КП 3622/132 КО Стојаково и КП 2782/285 Ко Ѓавато кои се изградено градежно земјиште-бунари за хидросистемот Спас за Дојранското езеро во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање, а нивната планска документација е во надлежност на Министерството за транспорт и врски.

- **Општина Богданци Бр. 11-956/2 од 27.04.2022**

  Во врска барање за мислење за работна верзија на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, изработен од ДИК ЧАКАР ПАРТНЕРС ДОО Скопје, тех бр 103/2020 од април 2022 година, Општина Богданци дава **позитивно мислење** на доставениот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со забелешка во конечната верзија во листот: Детал - Премин на гасовод под постоечки водоводни цевки PVC и AC 150mm - ЈПКД Комуналец Гевгелија (типски

цртеж) да се додадат и стационажите на 04+825,00 водоводна цевка од резервоар до с.Стојаково и 05+825,00 потисен цевовод Ø250 на ЈП Комунална чистота Богданци.

- **Општина Богданци Бр. 11-956/5 од 27.06.2022**
  Во врска барање за мислење за работна верзија на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, изработен од ДИК ЧАКАР ПАРТНЕРС ДОО Скопје, од 2022 година, Општина Богданци дава **позитивно мислење** на доставениот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење.

- **Општина Гевгелија – СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА – Одделение за урбанизам, градежништво архитектура и заштита на животната средина. Бр. 11-562/2 од 21.06.2019**
  Ве известуваме дека за планскиот опфат прикажан на ажурираната геодетска подлога не постои важечка планска документација ниту пак планска документација која е во постапка на донесување.

- **Општина Гевгелија – СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА – Одделение за урбанизам, градежништво архитектура и заштита на животната средина. Бр. 11-812/2 од 06.10.2020**
  Во однос на Вашето барање за податоци, информации и мислења со број 0801-293 од 30.09.2020 год. за изработка на проектна документација - **Проект за инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција,** Ве известуваме дека нема измени во податоците кои претходно Ви ги имаме доставено.

- **Општина Гевгелија – СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА – Одделение за урбанизам, градежништво архитектура и заштита на животната средина. Бр. 11-769/2 од 22.11.2021**
  Врз основа на вашето барање, согласно известувањето од Агенција за просторно планирање за барање на Услови за планирање за Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.10 за интерконективен гасовод, со кое ве известуваат за веќе издадени услови за планирање на просторот Y14312i за урбанистички проект вон населено место КО Прдејци, општина Гевгелија, со овј допис Ви го доставуваме:

  -Урбанистичкиот проект вон населено место за индустриска зона Билот КО Прдејци, Општина Гевгелија, во електронска форма во dwg формат и во pdf формат.
  -Услови за планирање на просторот Y14312i
  -Решение за Услови за планирање на просторот, УП1, бр. 15-405/2016 од 09.09.2016 год.

  Исто така ве известуваме дека во рамките и во близина на проектниот опфат, општина Гевгелија не располага со друга планска или проектна документација.

- **Општина Гевгелија – СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА – Одделение за урбанизам,**

градежништво архитектура и заштита на животната средина. Бр. 11-404/2 од 9.05.2022

Во врска со вашето барање за мислење за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, ве известуваме дека со оглед на тоа што планираната траса е во опфатот на Урбанистички проект за технолошка индустриска развојна зона – Гевгелија – Локалитет „Прдејци" општина Гевгелија потребно е да постапите согласно добиените насоки од Дирекција за технолошки индустриски развојни зони на Република Северна Македонија со допис бр. 08-703/2 од 5.05.2022.

- **Општина Неготино Бр. УП / 10-70 од 01.08.2019**

  Ве известуваме дека за проектниот опфат поминува покрај планскиот опфат дефиниран со УПВНМ КП 79/8-79/18 м.в. Црвен Брег КО Тимјаник, КП 278/3-278/9 м.в. Бунарјето КО Дуброво, општина Неготино, за по ппрецизни податоци потребно е да поднесите барање за Извод од урбанистичкиот план.

- **Општина Неготино Бр. 11-354/2 од 07.10.2020**

  Врз основа на Вашето барање, а во врска со постапката за добивање на податоци и информации за изработката на **Проект за инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција,** Ве известуваме дека за проектниот опфат кој е во непосредна близина на град Неготино (ГУП за град НБеготино), дел поминува во планиран плански опфат за кој има одобрено планска програма за ЛУПД за определување на повеќе градежни парцели со намена А1-домување во станбени куќи на м.в. Дубровско, општина Неготино и дел од трасата поминува низ градежен опфат дефиниран со УПВНМ за комплекс со намена лесна индустрија м.в. Црвен Брег КО Тимјаник и м.в. Бунарјето, општина Неготино.
  ВО прилог Ви ја доставувам скицата со прикажани плански опфати.

- **Општина Неготино Бр. 11-52 од 04.02.2021**

  Во врска со вашето барање бр.11-52 од 04.02.2021 година, за издавање на извод од ЛУПД за определување на повеќе градежни парцели со намена А1- домување во станбени куќи на м.в. Дубровско, општина Неготино, Ве известуваме дека постапката за одобрување на планската за одобрување на планската документација сеуште не е завршена.

- **Општина Неготино Бр. 11-51 од 04.02.2021**

  ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ : 33 УПВНМ : за комплекс со намена лесна индустрија на КП 79/8-79/18 мв. Црвен Брег КО Тимјаник и на КП 278/3, 278/5, 278/6 мв. Бунархје КО Дуброво

- **ИГМ ТРЕЈД Илија и др. ДОО Кавадарци Бр. 03/272 од 12.03.2021**
  Предмет : Барање на мислење и согласност за ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција

  Согласно Вашето Барање на мислење и согласност, потребни за изработка на ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција СО ВАШ БР. 0801-92 ОД 01.03.2021 ГОД.

  Игм ТРЕЈД – Кавадарци, го издава следното мислење и согласност :

ИГМ Трејд – Кавадарци се согласува со предложената траса и поставеност на пропратни објекти од Интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција, лоцирани на парцели во наша сопственост на локација КО Тимјаник и КО Дуброво, според доставен графички прилог во dwg формат од Ваша страна.

ИГМ ТРЕЈД – Кавадарци исто така се согласува и со предложената траса за дислокација на дел од трасата на кракот кон Термоелектрана Дуброво, според доставен графички прилог.

Вредноста на земјиштето за која се дава согласност и во иден период ќе биде предмет на отуѓување, дополнително ќе се утврдува со управна постапка.

- **Согласно дописот на Општина Неготино Бр. 11-52 од 04.02.2021, доставено е повторно барање на МИСЛЕЊЕ И СОГЛАСНОСТ ЗА Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.10 за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** согласно приложената согласност од ИГМ ТРЕЈД-Кавадарци Со бр. 0801-506 од 17.11.2021 год.

- **Општина Неготино Бр. 11-452/2 од 15.12.2021**
  ПРЕДМЕТ : Мислење и согласност
  Врз основа на Вашето барање за мислење и согласност за Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е 1.10 за интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција со Ваш број 0801-506 од 17.11.2021 година, по доставените прилози и позитивно мислење и согласност од ИГМ ТРЕЈД-Кавадарци бр.03/272 од 12.03.2021 година, Ве известуваме дека по разгледување на приложеното, даваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за предложената траса и поставеноста на пропратни објекти од Интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција и сме согласни да продолжи понатамошната постапка за донесување на урбанистичко-проектната документација.

- **Општина Неготино Бр. 11-465/2 од 21.06.2022**
  ПРЕДМЕТ : Мислење и согласност
  Врз основа на Вашето барање за мислење за Урбанистички план за подрачја и градби од државно знаење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција со Ваш број 0801- 121 од 21.04.2022 година, по доставените прилози, Ве известуваме дека по разгледување на приложеното, даваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** т.е потврда на претходно издаденото мислење од наша страна УП 11-452/2 од 15.12.2021 год., за предложената траса и поставеноста на пропратни објекти од Интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција и сме согласни да продолжи понатамошната постапка за донесување на урбанистичко-проектната документација.

- **Општина Демир Капија Бр. 11-287/2 од 10.08.2020**
  Ви ги доставуваме следниве урбанистичко плански документации и проекти со кои располагаме:
  Проект за инфраструктура за линиски водоводен вод Ф63 за поврзување на бензинска пумпна станица "Детоил" КО Пржде во, Општина Демир Капија (27.Sintezen plan – dwg)

  Проект за инфраструктура за изградба на ветерен парк Дрен – дел 2, Општина Демир Капија (309.PI-VI-VEC Dren2-dwg)

Урбанистички план за село Чифлик, КО Демир Капија, Општина Демир Капија (6.SINTEZEN PLAN 7.2020-dwg)

Проект за инфраструктура за изградба на ветерен парк Дрен, Општина Демир Капија и Општина Гевгелија (DK_PI Veternici Dren – Mir Kapija I Gevgelija -dwg)

Проект за инфраструктура за поставување на 20 КВ подземен ел.вод. од МХЦЕ Бошавица од ТС Демир Капија, Општина Демир Капија (PLANIRANA N ENERDZI 10.10.2016 – dwg)

Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба мала хидроелектрична централа Дошница и придружни објекти (PL Doshnica – dwg)

Проект за инфраструктура за изградба на далековод 110кв ТС 110/33кв "ВЕЦ ДЕМИР КАПИЈА (ДРЕН)" – ТС 400/110КВ "ДУБРОВО" и за изградба на трафостаница ТС 110/33КВ "ВЕЦ ДЕМИР КАПИЈА (ДРЕН)", КО ТРЕМНИК – Општина Неготино, КО Прждево, КО Демир Капија, КО Бесвица, КО Чифлик, КО Дрен – Општина Демир Капија, КО Петрово – Општина Гевгелија (PL_PI Dalekovod – Kaltin x – dwg)

Проект Рибник за пастрмка – земјоделски објект (Рибник за пастрмка – Акватика – pdf).

- **Општина Демир Капија**
  Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален развој Бр. УП/10-70 од 07.10.2020
  Во врска со Вашето барање на податоци,информации и мислење со бр.0801-293 од 30.09.2020 за потребите на **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција,** а врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/16, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) Ви ги доставуваме следниве урбанистичко плански документации и проекти со кои располагаме (истите Ви се доставени и со допис бр. УП / 10-70 од 10.08.2020г.) :

  Проект за инфраструктура за линиски водоводен вод Ф63 за поврзување на бензинска пумпна станица "Детоил" КО Прждево, Општина Демир Капија (27.Sintezen plan – dwg)

  Проект за инфраструктура за изградба на ветерен парк Дрен – дел 2, Општина Демир Капија (309.PI-VI-VEC Dren2-dwg)

  Урбанистички план за село Чифлик, КО Демир Капија, Општина Демир Капија (6.SINTEZEN PLAN 7.2020-dwg)

  Проект за инфраструктура за изградба на ветерен парк Дрен, Општина Демир Капија и Општина Гевгелија (DK_PI Veternici Dren – Mir Kapija I Gevgelija -dwg)

  Проект за инфраструктура за поставување на 20 КВ подземен ел.вод. од МХЦЕ Бошавица од ТС Демир Капија, Општина Демир Капија (PLANIRANA N ENERDZI 10.10.2016 – dwg)

Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба мала хидроелектрична централа Дошница и придружни објекти (PL Doshnica – dwg)

Проект за инфраструктура за изградба на далековод 110кв ТС 110/33кв "ВЕЦ ДЕМИР КАПИЈА (ДРЕН)" – ТС 400/110КВ "ДУБРОВО" и за изградба на трафостаница ТС 110/33КВ "ВЕЦ ДЕМИР КАПИЈА (ДРЕН)", КО ТРЕМНИК – Општина Неготино, КО Прждево, КО Демир Капија, КО Бесвица, КО Чифлик, КО Дрен – Општина Демир Капија, КО Петрово – Општина Гевгелија (PL_PI Dalekovod – Kaltin x – dwg)

Проект Рибник за пастрмка – земјоделски објект (Рибник за пастрмка – Акватика – pdf).

- **Согласно дописот на Општина Демир Капија Бр. УП 10-70 од 07.10.2020, доставено е барање на МИСЛЕЊЕ И СОГЛАСНОСТ ЗА Проект за инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција** согласно доставените плански документации.

- **Општина Демир Капија Бр. УП 10-70 од 09.02.2021**

  Во врска со Вашето барање на податоци, информации и мислење со тех.бр.0801-50 од 02.02.2021 за потребите на ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД СЕВЕРНА Македонија-Грција, а врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) Ве известуваме дека дел од проектните документации кои Ви ги имаме испратено со допис бр.УП 10-70 од 10.08.2020 г. Имаат претрпено измени и истите Ви ги испраќаме во прилог на овој допис.
  Во однос на доставената документација од Ваша страна како прилог на овој допис, **Општина Демир Капија Ви издава позитивно мислење** за ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција.
  Прилог :
  Проект за инфраструктура за изградба на ветерен парк Дрен – дел 2, Општина Демир Капија (309.PI-VI-VEC Dren2-dwg)
  Урбанистички план за село Чифлик, КО Демир Капија, Општина Демир Капија (6.SINTEZEN PLAN 7.2020-dwg)

- **Општина Демир Капија Бр. 10-340/2 од 28.04.2022**

  Во врска со Вашето барање на мислење за Урбанистички план за подрачја и градби од државно знаење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција, Ве известуваме дека Општина Демир Капија Ви издава позитивно мислење и ги потврдува претходно издадените податоци информации и мислења во однос на предметниот опфат дадени во допис бр. УП|10-70 од 7.10.2020 и УП|10-70 од 9.02.2021

- **Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Бр. 08-928/2 од 20.06.2019**

  Ве известуваме дека на неведениот потег планирани се хидротехнички инсталации во ТИРЗ Гевгелија.
  Во прилог Ви доставуваме скица на која е прикажан опфатот на ТИРЗ Гевгелија, како и местата на кои се предвидени изведба на хидротехнички инсталации кои доаѓаат во колизија со вашата траса.

- **Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Бр. 08-1141/2 од 05.10.2020**

Во врска Вашето писмо бр. 0801-293 од 30.09.2020 год. доставено по електронскиот систем на е-урбанизам, со кое барате податоци и информациии за постоечки и планирани инсталации, инфраструктурни и објекти на територијата означена во графичкиот прилог за проект за инфраструктура за интерконективен гасовод Северна Македонија-Грција, заради измени во трасата, Дирекцијата на ТИРЗ издаде мислење со архивски број 08-928/2 од 20.06.2019 година, во кое Ве известивме дека на наведениот потег планирани се хидротехнички инсталации во ТИРЗ Гевгелија.

Во прилог Ви доставуваме скица на која е прикажан опфатот на ТИРЗ Гевгелија, како и местата на кои се предвидени изведба на хидротехнички инсталации кои доаѓаат во колизија со вашата траса.

- **Согласно известувањето на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Бр. 08-1141/2 од 05.10.2020**, **доставено е** барање на **МИСЛЕЊЕ И СОГЛАСНОСТ ЗА ПРЕМИН НА ГАСОВОД** за деталот **"Премин на гасовод под водоводни цевки - типски цртеж."** Со бр. 0801-430 од 30.12.2020 год.

- **Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Бр. 08-77/2 од 08.01.2021**

  Во врска Вашето писмо бр. 0801-430 од 30.12.2020 год. доставено по електронскиот систем на е-урбанизам, во кое се повикувате на член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) а со кое барате мислење и согласност за премин на гасоводот под планираната инфраструктура за ТИРЗ Гевгелија, Ве известуваме следното :

  Согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) Дирекцијата за ТИРЗ може да Ви достави податоци и информации со кои располага за планирана и изведена инфраструктура од својата област.

